МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ “ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН”СВЕТИ НИКОЛЕ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ-КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМА

МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА ВО ОТКРИВАЊЕТО И ДОКАЖУВАЊЕТО НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ-ЗЛОУПОТРЕБА НА ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ И ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Кандидат
Здравка Мицова
Бр.индекс М217010

Ментор
Проф.Д-р Васко Стамевски

Свети Николе,2024

Апстракт

Имајќи предвид дека сторувањето на кривични дела од областа на организираниот економски криминал и општиот организиран криминал завзема се повеќе меѓународни димензии, па така инволвираноста и меѓусебната соработка на институциите кои се надлежни во борбата против овој вид на криминал добива многу значајна улога. Република Северна Македонија реализира важни активности во делот на меѓународната полициска соработка во борбата против организираниот криминал. Во овој контекст Република Северна Македонија е доста активна на полето на склучени договори и меморандуми за соработка со повеќе европски институции и тела, кои подетално ќе бидат разработени во овој труд. Како предмет во овој труд ќе биде меѓународната полициска соработка во откривањето на кривични дела од областа на организираниот економски криминал, со посебен акцент на кривичните дела "Перење пари" и "Злоупотреба на јавните фондови на ЕУ". Самиот наслов на темата дава една широка димензија за истражување, па во тој контекст тргнувајќи од дефинирање на општиот организиран криминал,преку организираниот економски криминал како негова форма ќе се дојде до меѓународната полициска соработка која има круцијално значење во борбата против организираниот криминал воопшто. Имајќи предвид дека споменатите кривични дела имаат меѓународен карактер, од исклучителна важност е учеството на меѓународната полициска соработка во нивно откривање, гонење и изведување пред лицето на правдата. Следствено на ова во овој труд подетално ќе бидат разработени начините преку кои се одвива меѓународната полициска соработка и телата кои се јавуваат како субјекти во таа соработка.

Клучни зборови: Меѓународна полициска соработка, организиран криминал, организиран економски криминал, перење пари,злоупотреба на јавни фондови на ЕУ, откривање, домашна регулатива, странска регулатива.

Abstract

Bearing in mind that the commission of crimes in the field of organized economic crime and general organized crime contains more and more international dimensions, so the involvement and mutual cooperation of the institutions that are competent in the fight against this type of crime takes on a very significant role. The Republic of North Macedonia realizes important activities in the field of international police cooperation in the fight against organized crime. In this context, the Republic of North Macedonia is quite active in terms of concluded agreements and memoranda for cooperation with several European institutions and bodies, which will be elaborated in more detail in this paper. The subject of this paper will be international police cooperation in the detection of crimes in the field of organized economic crime, with special emphasis on the crimes of "Money Laundering" and "Misuse of EU Public Funds". The title of the topic gives a broad dimension for research, so in that context, starting from the definition of general organized crime, through organized economic crime as its form, we will arrive at international police cooperation, which is of crucial importance in the fight against organized crime in general. Taking into account that the mentioned crimes have an international character, the participation of the international police cooperation in their detection, prosecution and bringing to justice is of exceptional importance. Consequently, in this paper, the ways through which the international police cooperation takes place and the bodies that appear as subjects in that cooperation will be elaborated in more detail.

Keywords: International police cooperation, organized crime, organized economic crime, money laundering, abuse of EU public funds, detection, domestic regulation, foreign regulation, etc.

Содржина

Апстракт.....2

Вовед.....7

ГЛАВА 1

1. Поим и карактеристики на меѓународна полициска соработка

1.1 Историски развој на меѓународната полициска соработка.....10

1.2 Општествено значење на меѓународната полициска соработка.....10

1.3 Поим на меѓународна полициска соработка.....12

ГЛАВА 2

1. Начини преку кои се одвива меѓународната полициска соработка и тела кои се јавуваат како субјекти во таа соработка

1.1 Европска полициска соработка-ЕВРОПОЛ.....13

1.2 Структура за ЕВРОПОЛ.....14

1.2.1 Офицери за врски во ЕВРОПОЛ.....15

1.2.2 Национални одделенија за ЕВРОПОЛ.....15

1.2.3 Национални контакт точки.....16

1.3 Цели и приоритети на ЕВРОПОЛ.....16

2.1 Договор за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Северна Македонија и ЕВРОПОЛ.....17

2.2 Оделение на ЕВРОПОЛ во Република Северна Македонија.....19

2.3 Соработка меѓу Република Северна Македонија и Европол во делот на размена на лични податоци.....20

2.3.1 Доставување на лични податици од страна на Република Севрна Македонија по барање на ЕВРОПОЛ.....21

2.3.2 Доставување на лични податоци од страна на ЕВРОПОЛ по барање на Република Северна Македонија.....22

2.4 Услови за доставување на податоци.....22

2.5 SIENA-сигурна размена на податоци.....26
3.1 ЕВРОПРАВДА.....27
3.2 Органи на Европравда.....29
3.3 Инструменти за судска соработка кои ги овозможува Европравда.....30
3.3.1 Улогата на Европравда за помагање и овезможување на мерките на конфискација.....31
3.3.2 Улогата на Европравда во примена на Европски налог-наредба за истрага.....32
3.3.3 Улогата на Европрава во Заеднички истражни тимови.....33
3.4 Соработка на Европравда и Северна Македонија.....34
3.4.1 Начин на соработка помеѓу Северна Македонија и Европравда-Обвинител за врски.....35
3.5 АФКОС-одделение за координација за борба против измами на ЕУ средства.....36
3.5.1 Европска канцеларија за борба против измами OLAF.....37
3.5.2 Систем за управување со неправилности при Министерството за финансии.....39
3.5.3 Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА).....41

ГЛАВА 3

1.Организиран економски криминал со посебен осврт на кривични дела поврзани со злоупотреба на јавните фондови на ЕУ

1.1 Поим и карактеристики на организиран криминал…… ……43
1.2 Облици на организиран криминал..... 47
2.1 Поим и значење на економскиот криминал……..….47
2.2 Карактеристики на економскиот криминал……..….50
2.3 Најзастапени облици на организиран економски криминал……...…51
3.1 Видови јавни фондови кои ги нуди Европската унија……52

3.2 Користење на средства од јавните фондови на ЕУ во Република Северна Македонија……..……..54
3.3 Сторители на неправилности кои влијаат на финансиските интереси на Европската заедница……56
3.4 Дефинирање на измами на штета на средства на Европската заедница во Кривичниот законик на РСМ…….....56
3.5 Откривање на измами за заштита на средствата од јавните фондови на ЕУ……..57
3.6 Истрага за измами и гонење на осомничени за сторени неправилности при користење на ЕУ средства……..59
4.1 Заштита на финансиските интереси на Европската Унија……....62

ГЛАВА 4

1.Поврзаноста на организираниот криминал со перењето пари

1.1 Поим и карактеристики на перење пари……63
1.2 Процес на перење пари.....65
1.2.1 Фазите во процесот на перење пари……66
1.2.2 Форми на перење пари.....68
1.2.3 Техники на перење пари……69
1.4 Институционална структува за борба против измами во РСМ.....70
1.5 Улогата на меѓународна регулатива за спречување на процесот перење пари……...83
1.5.1 Виенска конвенција……84
1.5.2 Конвенција од Палермо……87
1.5.3 Стразбуршка Конвенција.....89
1.5.4 Препораки од ФАТФ……..92
1.6 Улогата на Европското јавно обвинителство ЕЈО во процесот на заштита на финансиските интереси на ЕУ……95
1.6.1 Примери од регионот за спроведени истраги од страна на Европското јавно

обвинителство и Европската агенција за борба против корупција–OLAF.....98
1.7 Национална стратегија за борба против перењето пари и финансирање тероризам 2021-2024 на РСМ……98
Заклучок……...…100
Користена литература……106

ВОВЕД

Криминалот како се поголем глобален проблем претставува сериозна закана за општеството, вклучително и за меѓународната заедница. Како резултат на глобализацијата криминалот се повеќе развива нови форми и облици. Организираниот криминал и економскиот криминал се тесно поврзани, од причина што и од двата вида на криминал произлегуваат голем број на незаконски дејствија, при што во најголем број случаи мотивот е стекнување на профит, односно добивка. Секој вид на криминал и криминални дејствија кои се извршуваат сериозно и во голема мера го загрозуваат владеењето на правото, развојот на економијата, човековите права и општиот развој на демократијата. Извршителите на криминалните дејствија кои се вклучени во организиран криминал не познаваат граници, ниту пол, раса и нација. Тие се присутвни во сите сфери на општеството и како такви се втемелуваат во општествените текови, па така присутни се во економијата,кутурата,спортот и во многу други сфери. Заради глобализацијата која се повеќе станува начин на живеење, откривањето и спречувањето на организираниот и економскиот криминал станува се потешко, и неизбежно бара зголемена меѓународна полициска соработка и соработка со сите засегнати страни од овој глобален проблем.

Меѓународната полициска соработка станува сè позначајна област на меѓународна соработка во спречувањето на криминалот, и тоа како класичните така и новите форми на криминал. Покрај спречување и откривањето на извршителите на казнивите дела,интензивната меѓународна полициска соработка е неизбежна и за функционирањето на другите облици на соработка. Во оваа смисла, меѓунарародната полициска соработка што се остварува меѓу правосудните органи, е незамислива без активен придонес на полицијата.

За да постои успешна меѓународна полициска соработка во сузбивањето и спречувањето на организираниот и економскиот криминал, неопходно е да се превземаат низа чекори и активности на билатерален или на мултилатерален план.

Ова подразбира склучување на меѓународни договори, усвојување и имплементација на меѓународната регулатива, организирање на меѓународни

симпозиуми, и низа други чекори кои секако во голема мера ќе бидат од полза за сузбивање на секаков вид на криминални дејствија кои се случуваат на домашен терен, но и надвор од границите на една држава.

Република Северна Македонија како и многу држави низ светот не е имуна на криминалните дејствија кои се извршуваат во сите сфери на општественото живеење. Во таа насока Република Северна Мекедонија превзема низа активности во делот на соработка со сите важни организациски структури на меѓународно ниво, кои се вклкучени во борбата против организираниот криминал, а особено во борбата против траснационалниот криминал како понова форма на криминал.

Република Северна Македонија е потписник на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, има склучено Договор за оперативна и стратешка соработка со Европол, исто така од голема важност е и Меморандумот за разбирање и воспоставување на безбедна комуникациска врска и други начини на соработка, кои ќе бидат подетално елаборирани во овој труд. Што се однесува до домашната регулатива, меѓународната соработка е регулирана во Уставот, Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, Законот за полиција, Законот за кривичната постапка и со подзаконски акти.

Во темата на истражување покрај разработка на начините преку кои се одвива меѓународната полициска соработка, посебен осврт ќе биде дадено на кривичните дела “Измама на штета на средства на Европската заедница” и “Перење пари”. Овие кривични дела се избрани за истражување од причина што и едното и другото дело се повеќе се застапени и присутни во сите сфери на општеството, па така за нивно откривање, санкционирање и сузбивање од голема важност е меѓународната полициска соработка и активно учество на сите субјекти кои ја имаат надлежноста за нивното спречување.

Овој труд има за цел да го проучи поимот на меѓународната полициска соработка, почнувајќи од историскиот развој на истата. Детално ќе бидат елаборирани начините преку кои се одвива меѓународната полициска соработка, и телата кои се јавуваат како субјекти на таа соработка. Посебен осврт ќе биде даден на веќе споменатите кривични дела, со цел да се дефинираат начините преку кои се

одвива меѓународната полициска соработка во откривањето и гонењето на извршителите за сторените криминални дејствија.

Неправилностите и измамите кои се случуваат во Европската Унија најчесто се потпираат на организирани меѓународни групи кои го искористуваат финансискиот систем на Европската Унијата со цел за здобивање поголема имотна корист, преку перење пари и измами на фондовите на Унијата. Организираните криминални групи често ја злоупотребува слободата на пазарот и на тој начин ги спроведува своите незаконски активности. Овие назаконски активности најчесто се случај во сферата на данокот на додадена вредност, перењето на пари и измамите во структурните фондови. Од суштинско значење е размената на сите информации помеѓу надлежните институции на сите земји членки, како и воспоставување на соработка со сите чинители кои се вклучени во справувањето со измамите во Европската Унија, со цел навремено и брзо откривање и санкционитање на сторителите.

ГЛАВА 1
1.ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА

1.1 Историски развој на меѓународната полициска соработка

Почетоците на меѓународната полициска соработка се сврзуваат со донесувањето на Конвенцијата за трговијата со „бело робје“ од 1904 година, со која е предвидена размена на полициски информации. Сепак како формален почеток се смета одржувањето на Првиот меѓународен полициски конгрес во Монако, во 1914 година на кој е расправно за теми како што се идентификација и екстрадиција на меѓународните престапници, проблемите сврзани со создавањето на централна меѓународна евиденција и проблемите на лишувањето од слобода. Од поголема важност е одржаниот втор полициски конгрес во 1923 годниа во Виена, каде со одлука на делегациите од дваесет земји е формирано и првото меѓународно полициско тело – Меѓународната комисија на криминалистичката полиција со седиште во Виена.[1]

1.2 Општествено значење на меѓународната полициска соработка

Со оглед на фактот дека организираниот криминал се повеќе добива меѓународни димензии,и се класифицира во групата на транснационален организиран криминал,неопходно и од големо значење е унапредувањето во поглед на меѓународната полициска соработка.

Со развојот на организираниот криминал и обидот на самите криминални групи да се вметнат во сите области сакајќи да дојдат до што поголем профит и бенефит за самите нив,се наметнува потребата од поголема ангажираност на полицијата и другите надлежни органи на меѓународно ниво. Оттука потребата од меѓународната полициска соработка добива големо значење, бидејќи тоа е единствениот начин за што поефикасна борба против овој вид на криминал.

---

[1] Проф. Д-р Олга Кошевалиска,Доцент д-р Елена Максимова Меѓународно казнено право Штип,2020 стр.268

Кога се зборува за меѓународната полициска соработка неопходно е да се обрне големо внимание на важноста на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал.

Од особена важност е фокусот на Конвенцијата врз унапредување на меѓународната соработка преку мерки како што се екстрадиција (член 16), меѓусебна правна помош (член 18), заеднички истраги (член 19), соработка на органите на законот (член 27), трансфер на осудени лица (член 17) и пренесување на кривична постапка (член 21). Исто така, Конвенцијата става силен акцент на спречувањето (член 31), меѓу другото, охрабрувајќи ги земјите да преземат соодветни мерки за да ги заштитат своите легални пазари од инфилтрација, да ги реинтегрираат лицата осудени за дела поврзани со организиран криминал, да ја зголемат јавната свест за заканата, да ги (пре)оценат своите релевантни правни инструменти и управни практики со цел да ја откријат својата ранливост на злоупотреба од организирани криминални групи и да го зачуваат интегритетот на јавните и приватните субјекти.[2]

Ниту една држава не може да биде изволирана и сама да се бори против организираниот криминал, кој се повеќе добива меѓународни димензии. Оттука произлегува потребата од усвојување на меѓународни конвенции за борба против организираниот криминал,потпишување и имплементација на меѓународни договори,учество во меѓународни организации против организираниот криминал. Следствено на сето ова, меѓународната полициска соработка има големо значење во борбата против организираниот криминал, при што може многу добро да се дејствува против криминалните групи и да се создаде еден одбрамбен механизам против овој глобален проблем.

[2] ПРИРАЧНИК ЗА СТРАТЕГИЈА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ за изработка на високо ефективни стратегии ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ДРОГА И КРИМИНАЛ Виена, 2021 стр.4

1.3 Поим на меѓународна полициска соработка

Поимот на меѓународна полициска соработка опфаќа многу дефиниции и гледишта на многу автори, па така најдобар одговор може да се најде во теоријата на меѓународнто казнено право.

Во продолжение ќе бидат наведени гледишта на неколку автори за поимот на меѓународната полициска соработка.

Според Jović V., "поширокиот поим на меѓународните односи подразбира општа рамка на соработка помеѓу државите во сите области на општествениот живот, а во рамките на тоа и соработка во областа на борбата против криминалитетот, врз основа на прописи од меѓународните конвенции и националното законодавство".[3]

Според Фрчкоски Љ.Д., во борбата против интернационалниот криминалитет, "еден од тие правци претставува и усогласувањето на правните системи меѓу земјите, со што се овозможува проток и прифаќање на потоечките меѓународни стандарди за борба против организираниот криминал, и во исто време продлабочена соработка меѓу земјите за проширување на правните инструменти за истата цел. Од сето тоа би требало да произлезе глобалната стратегија за ефикасна меѓународна соработка во борбата против организираниот криминал која би имала свои институции, правни инструменти и субјекти".[4]

Според Камбовски В. "меѓународната соработка во сузбивањето на криминалот денес, претставува неспорен императив, што е единствениот можен одговор на фактот дека криминалот на познава национални граници и дека, од друга страна, универзалното поимање на човековите слободи и права нужно претпоставува единствена и ефикасна реакција на која и да е форма на нивно загрозување или повреда! Таквите нови стандарди не може да бидат постигнати без развивање интензивни облици на заемна соработка помеѓу државите во

[3] Jović V., Međunarodni pravnistandardi u kontekstu međunarodne krivičnopravne i policijske saradnje, Zbornik radova, Internacionalna asocijacija kriminalista,Banja Luka, 2010 godina, str. 43

[4] Фрчкоски Љ.Д., Меѓународна правна реакција против организираниот криминал, Безбедност, бр. 1/1995 година, стр. 5-6

откривањето и гонењето на сторителите на казнените дела и извршувањето на казните и другите санкции”.[5]

ГЛАВА 2

1.НАЧИНИ ПРЕКУ КОИ СЕ ОДВИВА МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И ТЕЛА КОИ СЕ ЈАВУВААТ КАКО СУБЈЕКТИ ВО ТАА СОРАБОТКА

1.1 Европска полициска соработка- ЕВРОПОЛ

Агенцијата на Европската Унија за соработка при спроведување на законите (ЕВРОПОЛ) ги поддржува земјите членки при спречување и борба против сите форми на меѓународен и организиран криминал, компјутерски криминал и тероризам. ЕВРОПОЛ дејствува како главен центар на информациите, а пружа и оперативна поддршка и решенија на ниво на Европа. Цел му е да обезбеди делотворен одговор на Европската Унија на тероризмот, трговијата со дрога, криумчарењето луѓе, компјутерскиот криминал и другите активности кои припаѓаат во групата на организиран криминал. Тие други активности опфаќаат:

• трговија со оружје;

• сексуална злоупотреба на деца;

• перење пари;

• финансиски истраги:

• корупција;

• фалсификување; и

• конфискување и враќање на имот. [6]

ЕВРОПОЛ како Европска полициска канцеларија е создадена како одговор на се поголемите криминални структури, кои што ги извршуваат незаконските

[5] Камбовски В., Казнено право - општ дел, Култура, Скопје, 2004 година, стр. 169

[6] ИНСТРУМЕНТИ НА **ЕВРОПСКАТА УНИЈА** ЗА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ Јелена Бабиќ Барнес,Белград Септември 2020,стр 21

активности на транснационално ниво, што од друга страна пак претставува сериозна закана за безбедноста на сите евроски земји и за нивните граѓани.

Основата за создавање на Европска полициска канцеларија потекнува од Треви групата, како форум за безбедносна соработка, помеѓу министрите за внатрешни работи и правда на Европската Заедница во 1976 година. Идејата за создавање на Европска полициска канцеларија за прв пат била презентирана од Европскиот совет во Луксембург во 1991 година. Истата година во Декември Европскиот совес се согласил за формирање на Европска полициска канцеларија-ЕВРОПОЛ, чија основна функција би била организирање на размена на податоци за трговија со дрога. Првичните операции ги започнува во 1994 година, а година подоцна во 1995-та со Конвенцијата за Европол станува независна од европските институции, со седиште во Хаг. Целосно оперативна, Европол станува на 1 Јули 1999 година.

1.3 Структура на ЕВРОПОЛ

Највисок орган на Европол е Управниот (административен) совет составен од членови репрезенти на постојните држави членки на Унијата. Советот се состанува најмалку двапати годишно и одлучува со консензус во вршењето на работите од својата надлежност, како што се:

- Предлагање на именување и разрешување на директорот
- Утврдување на организациските и статусните прашања во службата на Европол и
- Финансирање и решавање на евентуални спорови помеѓу државите и Европол, и меѓу самите држави во врска со предвидените активности.

Директорот е извршен орган на Европол кој има четворица заменици, сите именувани со едногласна одлука на Советот, со мандат од четири годинии можност за најмногу едно преименување. Директорот ги именува и разрешува службените лица (агенти) на Европол, по претходно добиено селективно регрутирање од редот на докажани полициски експерти во државите членки (вкупен број околу двесте и педесет, од кои околу педесет офицери за врска). Тие се во постојан професионален однос со Европол, инклузивно со сите имунитети и привилегии на функционерите и со обврски за независно вршење на должноста и чување на службена тајна.

Организацијата на Европол ја сочинуваат и националните тела коишто се должни да ги основаат државите членки, како единствени органи за врска меѓу Европол и другите наднационални полициски структури. Нивниот состав и бројност е препуштен на националните полициски органи, а односите на секоја национална единица на Европол со другите полициски и судски структури во државата се регулирани со национални закони.[7]

1.3.1 Офицери за врски во ЕВРОПОЛ

Европол во својата структура ги вклучува и државните офицери за врски, со претходна согласност на Европол и управниот одбор. Улогата на офицерите за врски е да ги претставуваат интересите на своите национални тела, да разменуваат информации и да учествуваат во активностите на Европол. Развивањето на оваа полициска мрежа добивамошне амбициозни задачи од областа на развивање на полициската соработката со земјите-членки, ефикасни полициски истраги во борбата против транснационалниот криминал, што укажува сузбивање на организирани криминални структури.

1.2.2 Национални одделенија за ЕВРОПОЛ

Националните одделенија за ЕВРОПОЛ се создадени во секоја земја членка и се сочинуваат од службеници од органите надлежни за спроведување на законите. Тие се единственото тело за врска помеѓу ЕВРОПОЛ и надлежните органи на земјите членки, за размена на информации. Националните одделенија имаат пристап до релевантни национални податоци и до Информацискиот систем на ЕВРОПОЛ (IS).

Задачи на Националните Одделенија се утврдени со Одлуката на Советот на ЕУ за воспоставување на ЕВРОПОЛ, а тоа се:

1. Доставување на податоци и разузнавачки информации до Европол по своја иницијатива потребни за извршување на неговите задачи;

[7] Љупчо Сотироски, „Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“, ноември 2011, стр. 88 - 89

2. Одговараат на барања доставени од ЕВРОПОЛ за податоци, разузнавачки информации и совети;
3. Ги ажурираат податоците и разузнавачките информации;
4. Доставуваат барања до ЕВРОПОЛ за податоци, разузнавачки информации и совети;
5. Доставуваат информации до ЕВРОПОЛ за чување во неговата база на податоци;

1.2.3 Национални контакт точки

За Националните контакт точки важат истите принципи и одговорности, како и за Националните одделенија за ЕВРОПОЛ на земјите членки, за размена на информации во рамки на договор за соработка. Разликата е во тоа што Националните контакт точки немаат пристап до Информацискиот систем на ЕВРОПОЛ. Размената на информациите се одвива преку Канцеларијата за врски на третата страна во ЕВРОПОЛ или во случај кога не постои Канцеларија за врски и назначен офицер за врска, директно преку Одделот за операции на ЕВРОПОЛ. Овој Оддел е надлежен за примање и доставување на информации до трети страни.

1.4 Цели и приоритети на ЕВРОПОЛ

Стратегијата на ЕВРОПОЛ претставува референтна рамка за неговите секојдневни операции и поддршка за соработката која ја пружа во областа на примената на законите во Европската Унија.

Водечки стратешки приоритети на ЕВРОПОЛ се:

• да биде европски центар за криминалистички информации кој на најдобар начин ги користи податоците кои ги добива од своите многубројни партнери;

• да пружа брза оперативна поддршка;

• да служи како платформа за европски решенија кога станува збор за работата на полицијата;

• да биде на чело на истражувањето и иновациите наменети за областа на спроведување закони; и

• да служи како пример за одговорна европска организација за спроведување закони која работи успешно, со која добро се управува и која промовира разноликост и ангажирање на вработените.

Основната цел на ЕВРОПОЛ е извршување на активности на начин со кој ќе се влијае на безбедноста на Европа. Тие активности опфаќаат: Недозволена трговија со дрога, трговијата со луѓе, илегалната имиграција, компјутерски кримимал, криммнал поврзан со интелектуална сопственост, фалсмфикување на евра, измами со данокот на додадена вредност, перење пари, организирани кримннални групи, тероризам.

ЕВРОПОЛ на националните агенции за спроведување закони им нуди цела низа алатки и методи за борба против криминалот: ја олеснува размената на информации, спроведува анализа на кривичните дела и процена на заканата, а помага и во координација на прекуграничните истраги и оперативното делување.
Европската полициска канцеларија располага со три главни платформи и бази на податоци кои ја олеснуваат размената на информации и им помагаат на земјите членки во донесувањето на одлуки за утврдување на приоритети во борбата против организираниот криминал и тероризам. Тоа се: Мрежна апликација за безбедна размена на податоци (СИЕНА), Информациски систем на ЕВРОПОЛ (ЕИС) и Платформа за експерти на ЕВРОПОЛ (ЕПЕ).

2.1 Договор за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Северна Македонија и ЕВРОПОЛ

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи во контекст на процесот на пристапување во ЕУ, содржан и во Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ, беше склучување на Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Северна Македонија и ЕВРОПОЛ.

Соработката помеѓу Северна Македонија и Канцеларијата за Европска Полиција - ЕВРОПОЛ е започната уште во 2007 година, на ниво на договорни односи за размена на стратешки и технички информации. Имено, Стратешкиот договор за соработка помеѓу Северна Македонија и ЕВРОПОЛ беше потпишан

16.01.2007 година (Сл. Весник на РМ 17/08). Со цел имплементација на Стратешкиот договор и создавање на услови за започнување на преговори за потпишување на Оперативен договор за соработка со ЕВРОПОЛ, со кој ќе се реализира оперативна соработка и размена на лични податоци, уште во 2008 година изработен беше Акциски план за имплементација на Стратешкиот договор и започнување на преговори за потпишување на Оперативен договор со ЕВРОПОЛ. Акцискиот план за имплементација на Стратегискиот договор и започнување на преговори за потпишување на Оперативен договор со ЕВРОПОЛ беше усвоен на 133 Седница на Владата на Северна Македонија, одржана на 25.02.2008 година.[8]

Договорот е потпишан по пат на размена на писма на 20.9.2011 година, истиот е ратификуван од Собранието на Република Македонија на 5.12.2011 година и е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 172/11 од 14.12.2011 година.Целта на овој Договор е зајакнување на оперативната и стратешката соработка помеѓу Република Северна Македонија и ЕВРОПОЛ, преку трансфер на оперативни информации кои сочинуваат лични податоци. Со овој Договор, всушност, се уредува и проширува соработката помеѓу Република Македонија и Европол, со цел поддршка на државите членки на Европската Унија и Република Македонија во борбата против сериозните форми на меѓународен криминал.[9] Соработката што се етаблира со овој договор се однесува на сите

[8] Повеќе види на: https://mvr.gov.mk/page/europol

[9] Член 2 од Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Македонија и ЕВРОПОЛ, во понатамошниот текст – Договор за соработка помеѓу Европол и Македонија.

области на криминал во рамките на мандатот на ЕВРОПОЛ[10], инволвирајќи ги и поврзаните кривични дела.[11]

2.2 Оделение на ЕВРОПОЛ во Република Северна Македонија

Одделението за ЕВРОПОЛ во Северна Македонија се наоѓа во Секторот за меѓународна полициска соработка (во натамошниот текст: Одделението).[12]

Одделението извршува задачи согласно одредбите од Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Северна Македонијаи ЕВРОПОЛ[13] и Одлуката на Советот на ЕУ од 6 април 2009 година за воспоставување на канцеларија на Европската полиција.

Согласно ова, Одделението е надлежно да:

- Остварува соработка со други организациски единици во Министерството за внатрешни работи како и други надлежни органи за спроведување наДоговорот во Република Северна Македонија,
- Остварува соработка со ЕВРОПОЛ и други меѓународни институции и организации;
- Врши координација и размена на информации помеѓу ЕВРОПОЛ и националните надлежни органи;

---

[10] Незаконска трговија со дрога, нелегални активности поврзани со перење пари, криминал поврзан со нуклеарни и радиоактивни супстанци, нелегален шверц на имигранти, трговија со луѓе, криминал поврзан со моторни возила, убиство, тешка телесна повреда, недозволена трговија со човечки органи и ткива, киднапирање, илегално задржување/држење и земање заложници, расисам и ксенофобија, организиран грабеж, недозволена трговија на културни добра, вклучено антиквитети и уметнички дела, измама и фалсификување, рекетирање и изнуда, фалсификување и пиратерија на производи, фасификување на административни документи и нивна трговија, фалсификување на пари и средства за плаќање,компјутерски криминал, корупција, недозволена трговија со оружје, муниција и експлозиви, недозволена трговија со загрозени животински видови, недозволена трговија со загрозени растителни видови и сорти, еколошки криминал, недозволена трговијата со хормонски супстанции и други поттикнувачи на раст.

[11] Поврзани кривични дела се кривични дела извршени со цел набавка на средства за извршување на криминалните дејствија, кривични дела извшени со цел олеснување или извршување на такви дејствија и кривични дела заради осигурување неказнивост на такви дејствија – член 3 став 2 од Договор за помеѓу ЕВРОПОЛ и Македонија.

[12] Повеќе види на: https://mvr.gov.mk/page/europol

[13] Закон за ратификација на Договорот за оперативна и стратешка соработка меѓу Република Северна Македонија и Канцеларијата на европската полиција, објавен во Сл. весник бр. 172/14.12.2011

- Има обврска да го снабдува ЕВРОПОЛ со информации и разузнавачки податоци и да доставува ажурирани информации;
- Има овластување да бара информации од надлежните национални органи за него и за ЕВРОПОЛ, односно националните надлежни органи доставуваат информации до Одделението;
- Има овластување да бара од надлежните национални органи да собираат криминални разузнавачки информации;
- Извршува работи утврдени со Правилникот за организација и работа на Министерството за внатрешни работи и Правилниците на надлежните органи надлежни за спроведување на Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Северна Македонија и Канцеларијата на европската полиција**.**

2.3 Соработка помеѓу Република Северна Македонија и ЕВРОПОЛ во делот на размена на лични податоци

Република Северна Македонија преку Одделението за ЕВРОПОЛ во МВР ги доставува до ЕВРОПОЛ, на негово барање, потребните податоци од страна на надлежните органи во нашата земја.[14]

Одделението на ЕВРОПОЛ во Република Северна Македонија и ЕВРОПОЛ се обврзани да си овозможуваат размената на податоци (24/7). ЕВРОПОЛ до Република Северна Македонија доставува податоци кои се собрани, чувани и пренесени во согласност со релевантните одредби од Одлуката на Советот за ЕВРОПОЛ и нејзините одлуки за имплементација, додека Република Северна Македонија до ЕВРОПОЛ доставува податоци кои се собрани, чувани и пренесени во согласност со националното законодавство.

[14] Надлежните органи во Република Северна Македонија, кои согласно националното законодавство се одговорни за превенција и борба против кривичните дела согласно Договорот за оперативна и стратешка соработка меѓу Република Северна Македонија и Европол се: Министерството за внатрешни работи, Министерство за финансии - Царинска управа, Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерство за финансии - Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, член 1 од Анекс 3 кон Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Северна Македонија и Европол

2.3.1 Доставување на лични податоци од страна на Република Северна Македонија по барање на ЕВРОПОЛ

Република Македонија е должна да го извести ЕВРОПОЛ за целта за која ги испраќа личните податоци и за тоа дали овие лични податоци ги врзува со некои ограничувања во однос на користењето или ограничување во однос на пристапот до нив. Исто така Република Македонија е должна да го извести ЕВРОПОЛ и за бришењето или поништувањето на податоците доколку постојат основи за тоа. Доколку некое од горенаведените ограничувања настапи по испраќањето на податоците, тогаш Одделението го известува ЕВРОПОЛ за тоа во моментот кога ќе се појави тоа ограничување. По приемот на податоците, ЕВРОПОЛ веднаш, а најскоро во рок од шест месеци, утврдува дали податоците кои треба да се внесат во системот се во согласност со целта поради која се бараат, дали истите се доволно прецизни или има потреба од нивно допрецизирање и ажурирање. Доколку ова не е случај, тогаш ЕВРОПОЛ го известува Одделението во најкус можен рок дека податоците нема да бидат внесени. Овие податоци се бришат, уништуваат или враќаат во рок од шест месеци од приемот. Во целиот овој период на кореспонденција, одговорноста за заштита на овие податоци паѓа на ЕВРОПОЛ. Тој треба да осигура истите да бидат заштитени и достапни само до соодветно овластени службени лица.[15]

2.3.2 Доставување на лични податоци од страна на ЕВРОПОЛ по барање на Република Северна Македонија

Доколку се пренесуваат лични податоци по претходно барање на Република Северна Македонија истите тие податоци можат да се користат само за целта за која што се побарани. Доколку не постои посебно барање за нивниот пренос, тогаш мора да биде наведена целта заради која истите се пренесуваат. Во случај доколку се пренесат лични податоци без посебно барање, тогаш во моментот на преносот или пред тоа, се наведува целта заради која податоците биле пренесени како и

[15] Член 8 од Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија

евентуални ограничувања за нивна употреба, бришење или уништување. Воедно се прецизираат и евентуалните општи или посебни ограничувања за пристап до тие податоци.

2.4 Услови за доставување на податоци

Доставувањето на личните податоци како од страна на Република Северна Македонија, така и од страна на ЕВРОПОЛ е предвидено да се реализира со исполнување на некои услови кои се пропишани во Договорот за соработка помеѓу Република Северна Македонија и ЕВРОПОЛ.

Во првиот услов Република Македонија се обврзува да одговори најекспедитивно што може, а најдоцна во рок од три месеци (vice versa - овој рок за ЕВРОПОЛ е шест месеци) дали податоците кои се доставени до Одделението се потребни, дали се во доволниот обем и дали ја исполнуваат целта за која се бараат. Втор услов е гаранцијата дека Република Македонија нема да ги доставува овие податоци до трети држави и тела без претходно да добие одобрение од ЕВРОПОЛ.

Трет услов е во однос на натамошниот пренос на податоци од страна на првичниот примател да биде ограничен само на надлежните органи и под исти услови како првичниот пренос. Четврти услов е доставата да биде потребна за поединечни случаи со цел спречување и борба против кривичните дела. Петти услов е почитувањето на сите услови дефинирани од ЕВРОПОЛ кои се однесуваат на користење на податоците. Шестиот услов се однесува на претходното барање за доставување на податоци за кое се условува изречно да ги содржи целта и причините за кои се бараат податоците. Како седми услов се јавува ограничувањето според кое податоците можат да се користат само за целта заради која се бараат.

Осми услов е промената и бришењето на податоците доколку се утврди дека истите се неточни, непрецизни, неажурирани или доколку не постоела основа за нивен пренос. Конечно, како деветти услов се јавува обврската за нивно бришење кога целта поради која се пренесени престанала да постои.[16]

Освен горенаведените услови и аналогно на обврската што ЕВРОПОЛ ја има во однос на заштитата и безбедноста на податоците, и Македонија има обврска

[16] Член 9 од Договорот за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија

да ги заштити податоците кои ЕВРОПОЛ ѝ ги испраќа, со примена на сите технички и организациски мерки за заштита.

Овие мерки треба да се пропорционални на целта и да бидат наменети за:

1) Одбивање на пристап од неовластени лица;

2) Спречување на неовластено читање, умножување, менување или бришење на податоците;

3) Спречување на недозволено внесување на лични податоци и недозволен надзор, менување или бришење на истите;

4) Спречување на употребата на системите за автоматска обработка на податоци од страна на неовластени лица кои ја користат комуникациската опрема;

5) Осигурување дека лицата кои имаат пристап до податоците имаат пристап само до податоците за кои имаат овластување;

6) Овозможување на евиденција дека пристапот го имаат само оние кои имаат правна основа за тоа;

7) Да обезбедат дека е можно подоцна да се потврди и утврди кои лични податоци биле внесувани во системите за автоматски податоци или системите за обработка икога и од кого биле внесувани личните податоци;

8) Спречување на неовластено читање, умножување, менување или бришење на лични податоци за време на преноси на лични податоци или за време на пренесување на медиуми за податоци;

9) Обезбедување дека инсталираните системи може веднаш да бидат обновени во случај на прекин;

10) Обезбедување дека функциите на системот се извршуваат без грешка, дека појавувањето на грешки во функциите веднаш се пријавува и дека зачуваните податоци не може да бидат оштетени поради неисправноста на системот.

Во согласност со членот 6 од Конвенцијата на Советот на Европа од 28 јануари 1981 година за заштита на лични податоци во однос на автоматската обработка на лични податоци, забранет е преносот на лични податоци кои откриваат расно потекло, политичко или верско или друго уверување или податоци што се однесуваат на здравствената состојба и сексуалниот живот освен ако ваквите податоци не се пренесуваат во неопходни случаи и како прилог на други

информации. Во Договорот не е наведено кои се овие неопходни случаи односно што сè може да се смета за неопходен случај.

Ова може да подлежи на злоупотреби бидејќи во дадени моменти сè може да се смета за неопходно. Се чини дека оваа одредба е наведена само за начелно да се декларира почитувањето на членот 6 од горенаведената Конвенција, при што на очигледен начин се дава и неговото истовремено заобиколување.

Следствено и соодветно на сè што досега беше изложено во однос на преносот на лични податоци од страна на ЕВРОПОЛ, а до Македонија, е и одредбата која личните податоци нема да бидат пренесувани од моментот кога нивната заштита нема да може да се гарантира на соодветниот начин. Рокот на чувањето податоци добиени од ЕВРОПОЛ се ограничува на три години од денот кога се случил настанот кој довел до чување на тие податоци. Доколку севкупниот период на чување го надмине овој рок, тогаш потребата од натамошно чување се ревидира на годишно ниво, а за ревизијата се составува записник.[17]

Врската помеѓу ЕВРОПОЛ и Одделението на ЕВРОПОЛ се остварува преку претходно споменатите офицери за врски. Притоа ЕВРОПОЛ е должен да ги обезбеди сите неопходни предуслови (канцелариски простор и телекомуникациска опрема во рамките на просториите на ЕВРОПОЛ), обезбедена архива (која ги инкорпорира сите досиеја, кореспонденција, документи, ракописи, компјутерски досиеја, фотографии, филмови и записи кои му припаѓаат или ги поседува офицерот за врска), а Република Македонија, пак, е должна да обезбеди на офицерите за врска да имаат брз и, каде што е технички возможно, директен пристап до националните бази на податоци што им се потребни за извршување на нивните задачи додека се на служба во ЕВРОПОЛ.[18]

Во однос на одговорноста од штетата којашто е предизвикана на физичко лице предизвикана од законски или фактички грешки при размената на податоци со ЕВРОПОЛ, одговорноста паѓа на Република Македонија.

---

[17] Член 9 од Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија
[18] Член 14 од Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија

Согласно со Договорот, Македонија не може да тврди дека ЕВРОПОЛ ѝ пренел погрешни информации за да ја избегне одговорноста. Доколку овие законски или фактички грешки се случиле како резултат на погрешно пренесени информации или неисполнување на обврските на ЕВРОПОЛ или на некоја држава членка на Европската Унија или на трета страна, ЕВРОПОЛ се обврзува да исплати, по претходно барање, надомест по добиено барање за тоа, освен ако информациите се користеле спротивно на Договорот. Во случаи кога ЕВРОПОЛ е обврзан да им ја исплати сумата доделена како компензација за оштетувањето на засегнатата страна на земја членка на Европската Унија или на трета страна, и кога штетата е направена поради неисполнување на обврските на Република Македонија од овој договор, Република Македонија се обврзува да ја исплати сумата што ЕВРОПОЛ ја платил како надомест на држава членка на Европската Унија или на трета земја.[19]

Во случаите на спор по која било одредба од Договорот, како и секое несогласување меѓу договорните страни во однос на толкувањето или примената на договорот кое нема да биде решено на пријателски начин, надлежна ќе биде арбитража со тројца арбитри за донесување на конечна одлука, на барање на една од договорните страни. Секоја договорна страна назначува по еден арбитер. Третитот, кој е претседавач на арбитражата, го избираат првите двајца арбитри. Арбитражата донесува одлука со мнозинство гласови. Во случај на еднаквост на гласовите, претседавачот има пресуден глас. Одлуката е конечна и обврзувачка за договорните страни во спорот.[20]

2.5 SIENA-сигурна размена на податоци

SIENA (Secure Information Exchange Network Application) е апликација на ЕВРОПОЛ односно алатка за сигурна размена на информации која ја олеснува размената на оперативни и стратешки информации поврзани со криминалот помеѓу

[19] Член 16 од Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија;
[20] Член 18 од Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија;

земјите членки на ЕВРОПОЛ, ЕВРОПОЛ и третите партнери на ЕВРОПОЛ а воедно со истата се подржува и размената на информации во согласност со Шведската иницијатива, за оние земји кои ја применуваат. Тоа е систем кој овозможува брза, сигурна и лесна трансмисија на информации и нивно процесуирање, ажурирање во согласност со мандатот и правилата на ЕВРОПОЛ.

Оваа апликација е во примена во ЕВРОПОЛ од 01.07.2009 година и е постојано надоградувана со цел да ги задоволи правилата на заштита на лични податоци и безбедност на класифицирани информации, како и да обезбеди усогласеност со сите други правни барања. Во почетокот таа е дизајнирана за олеснување на комуникацијата помеѓу Одделенијата на ЕВРОПОЛ и Бироата за врски само на земјите членки на ЕУ и ЕВРОПОЛ. Денес истата се користи и од земји кои не се членки на ЕУ, но со кои ЕВРОПОЛ има склучено Оперативни и Стратешки договори за соработка.

Со потпишувањето на Меморандумот за разбирање за воспоставување на комуникациска врска помеѓу Република Македонија и ЕВРОПОЛ и Билатералниот договор за поврзување на компјутерски мрежи, кои се во сила од 01.05.2012 година, се создаде законска основа за поврзување и на МВР на РМ со комуникациската алатка на ЕВРОПОЛ за размена на информации – SIENA .

Со воспоставување на SIENA комуникациската врска на 24.10.2013 помеѓу ЕВРОПОЛ и Националната контакт точка на ЕВРОПОЛ во Република Македонија, и по спроведена обука и добиени сертификати за користење на апликацијата од страна на корисниците, овозможена е директна размена на информации на Република Македонија со сите земји членки на ЕУ и третите партнери за соработка со ЕВРОПОЛ, како и со различни оддели во ЕВРОПОЛ.

Заради усовршување на одредени услуги на оваа апликација, во 2014 година Европол реализираше проект за акредитација на телекомуникациската мрежа за размена на информации и подигање на степенот на доверливост при размена на информации преку апликацијата, кој се спроведе во Европол, како и во сите трети земји и меѓународни субјекти кои со Европол соработуваат врз основа на оперативни договори за соработка.

Проектот, во кој беа вклучени технички лица од Секторот за информатичка технологија, во МВР на РМ се изведуваше во две фази: инсталирање на нов сигурносен кабинет (Rack) во Секторот за меѓународна полициска соработка и промена на постоечкиот локален VPN провајдер. Во врска со извршените промени започната е постапка за склучување на нов *Билатерален договор за поврзување на компјутерски мрежи* помеѓу Република Македонија и Европол.[21]

3.1 ЕВРОПРАВДА

Основата за создавање на Европравда се случува со Одлука на Советот во 2002 година, со која одлука се основа Европско тело за постојана судска соработка, кој претставува орган на ЕУ во областа на Полициската и судската соработка во кривична материја. Основна задача на ова тело е да ја подобри соработката помеѓу судските тела на државите-членки на ЕУ кога овие тела спроведуваат активности за гонење на сторителите на кривични дела поврзани со тероризам и организиран криминал.

Во 2008 година Советот усвои нова одлука со цел зајакнување на улогата и капацитетите на Европравда во борба против организираниот криминал. Таа одлука е подкрепена со донесување на програма со петгодишен план за период од 2010-2014, во која се наведени следниве надлежности:

1. Барања од државите-членки за обезбедување на информации за да може да ги спроведе своите задолженија;
2. Олеснување на размената на информации;
3. Помош во координацијата на истрагите и обвинението меѓу државите-членки или меѓу државите-членки и ЕК;
4. Испраќање на барања до државите-членки за преземање на истраги или обвинението;
5. Разгледување дали некоја држава може да биде во подобра позиција за преземање на истрага или обвинението;
6. Координација и соработка со другите држави-членки;
7. Воспоставување на заеднички тимови за истрага;

[21]Повеќе види на: https://mvr.gov.mk/vest/52

8. Преземање на посебни истражни мерки;
9. Преземање на секакви други оправдани мерки за истраги и обвинениja за сериозен прекугранично или организиран криминал.

Мандатот на Европравда е проширен со имплементацијата на одлуката на Советот од 2009 година на сите видови на криминал и кривични дела за кои е надлежен и Европол. Целите кои се предвидени со оваа одлука за зајакнување на Европравда се: Зајакнување на оперативната соработка, зголемување на размената на информации, олеснување и зајакнување на соработката меѓу националните власти, зајакнување и воспоставување на соработката со партнерите и трети држави.

Европската Комисија во Јули 2013 година поднесе нов предлог до Европскиот Парламент за донесување на нова Регулатива за Европравда, која ќе обезбеди единствена правна рамка за нова Агенција за соработка во кривичната материја, а истовремено ќе биде и наследник на Европравда основана во 2002 година. По долгогодишните и обемни преговори ЕП и Советот ја усвоија Регулативата 2018/1727 за Агенцијата на Европската унија за соработка во кривична правда во Ноември 2018 година.

Новата Регулатива 2018/1727 за Европравда воспостави: нов систем на управување, го разјасни односот помеѓу Европравда и Канцеларијата на Европскиот јавен обвинител, пропиша нов систем за заштита на податоците, донесе нови правила за надворешните односи на Европравда, и ја зајакна улогата на европските и националните парламенти во демократскиот надзор на активностите на Европравда.

Во остварувањето на своите активности Европравда соработува со другите органи од областа на судската и полициската соработка, како Европол, континуирано ја известува ЕК и најмалку еднаш годишно го информира ЕП и Советот за учеството во истрагите и нивните резултати.

3.2 Органи на Европравда

Европравда разви кохезивна меѓународна мрежа што им овозможува на обвинителите низ Европската Унија пристап до повеќе од 50 јурисдикции низ

целиот свет. Агенцијата потпиша договори за соработка со десетина држави кои не се членки на ЕУ, од кои неколку ги испратија обвинителите за врски во Европравда да работат на случаи со нивните колеги во Колегиумот.[22]

Организациската структура на Европравда се состои од Колегиум и Претседателство, Извршен одбор и Администрација, предводени од Административниот директор.[23]

Случаите кои ги работи Европравда најчесто вклучуваат повеќе од еден вид криминал. Како поважни видови на криминал се вбројуваат: тероризам, сајбер криминал, трговија со луѓе, трговија со дрога, кривични дела против финансиските интереси на ЕУ, криумчарење мигранти, еколошки криминал, перење на пари и измами.

Европравда нуди оперативна поддршка во текот на различните фази на прекуграничните кривични истраги, при што обезбедува координација и помош при подготовка на барања за судска соработка. Европравда исто така работи и на сложени механизми за помош и координација, на пример, може: да координира паралелни истраги, да организираат состаноци за координација, вклучително и судски органи и засегнати органи надлежни за спроведување на законот; формирање и/или финансирање на заеднички истражни тимови (ЗИТ) во кои судските органи и органите на прогонот работат заедно на транснационални кривични истраги, засновани на правен договор помеѓу две или повеќе земји.
Европравда помага во огромен број на истраги, при што секој случај е различен и бара индивидуален пристап.

За сложени кривични дела, истрагата се одвива бавно и бара внимателно планирање, координација и дискусија, при што Европравда во овој дел игра координативна улога. Четирите клучни средства за поддршка обезбедени од Европравда се: заеднички истражни тимови, алатки за судска соработка на ЕУ, координативни состаноци и центри за координација.

---

[22] Европравда има 27 земји членки на ЕУ и има потпишано договори за соработка и назначено офицери за врски во земји кои не се членки на Унијата, а тоа се: Грузија, Црна Гора, Северна Македонија, Норвешка, Србија, Украина, Швајцарија и САД. Сите земји кои се во мрежата на Европравда можете да ги видете на https://www.eurojust.europa.eu/states-and-partners/member-states

[23] За сите овие тела види на https://www.eurojust.europa.eu/about-us/organisation

Европравда им нуди на земјите-членки огромно искуство во судската соработка, вклучувајќи низа алатки за справување со проблеми како што се судир на надлежности, екстрадиција и замрзнување и наплата на имотот. Бидејќи Европравда соработува со властите од сите земји-членки и разни трети земји многу често се случува брзо да одговори на барањата, притоа помагајќи да се реши случајот за кратко време.

3.3 Инструменти за судска соработка кои ги овозможува Европравда

ЕВРОПРАВДА нуди и овозможува користење на инструменти за судска соработка,кои изнсрументи значат олеснување на националните власти во борбата против прекугранични от и сериозен криминал.Тие инструменти овозможуваат пренесеување на докази од една во друга земја,овозможуваат предавање на осомничено лице,заради кривично гонење или пак за издржување на казна.

Како инструменти кои ги нуди ЕВРОПРАВДА се:Европскиот налог за апсење (EAW), Европскиот налог за истраги (EIO) и заедничките тимови за истрага (ЗИТ) ,кои се од исклучително значење за земји кои водат истраги за прекугранича сериозен криминал.

3.3.1 Улогата на Европравда за помагање и овозможување на мерките на конфискација

Профитот е најчестата причина за транснационалниот организиран криминал. Криминалните групи имаат потреба од ресурси за да ги финансираат своите активности, додека криминалците често се движат и ги шират своите средства низ различни земји за да избегнат откривање. Оттука, трагањето, замрзнувањето на имотот, конфискацијата и лоцирањето на нелегално стекнатите средства е важен приоритет на националните власти во земјите-членки и претставува стратешки приоритет на Европската Унија во борбата против организираниот криминал. Европравда го олеснува процесот на враќање на

средствата преку обезбедување правна и практична поддршка на судските органи во различните фази на наплата на средствата, помагајќи им на практичарите да решаваат прашања и да одговараат на прашања и преку олеснување на ефективна соработка и комуникација помеѓу вклучените држави.

Четирите основни фази на наплата на средствата се:

1. Следење на средства - процес со кој надлежните органи ги испитуваат приходите генерирани од криминални активности и ја следат трагата на незаконски стекнатите приходи.
2. Замрзнувањето на средствата вклучува привремено задржување на имотот до конечна одлука за кривично дело, со што се спречува уништување, трансформација, пренесување или отстранување на имотот пред да се затвори случајот.
3. Конфискацијата на имот ги спречува криминалците да пристапат до имотот, кој трајно е одземен.
4. Враќање на криминалните средства, при што средствата или се враќаат во соодветната држава или се делат меѓу соодветните држави или се враќаат на жртвата.[24]

3.3.2 Улогата на Европравда во примена на Европски налог-наредба за истрага

Европскиот налог за истрага е судска одлука која е издадена од судскиот орган во една земја на ЕУ за да може да се применат истражни мерки за собирање на докази или употреба на докази во кривични предмети во друга земја на ЕУ. Европскиот налог за истрага се заснова на меѓусебно признавање, што значи дека органот за извршување, во принцип, е должен да го признае и обезбеди извршувањето на барањето на другата земја.

Европскиот налог за истрага е основан со Директивата 2014/41/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 3 април 2014 година во врска со Европскиот

[24] За улогата на Европравда во конфискацијата види на https://www.eurojust.europa.eu/judicial cooperation/eurojust-role-facilitating-application-judicial-cooperation-instruments/asset-recovery

налог за истраги во кривични прашања.[25] Директивата претставува една сеопфатна рамка за добивање и прибирање на докази.

Истражните мерки кои ги содржи Европскиот налог-наредба за истрага вклучуваат сослушување на сведоци, телефонски прислушувања, тајни истраги и информации за банкарско работење. Европскиот налог-наредба за истрага официјално стапува во сила во мај 2017 година. Со официјалното стапување во сила, Европскиот налог за истрага им овозможи на судските органи побрза алтернатива, во однос на на традиционалните инструменти за барање докази.

Европравда им дава поддршка и совети на националните власти во текот на целата постапка на Европскиот налог за истрага, од нацрт до фазата на извршување.

Европравда им дава поддршка и совети на националните власти во сите фази на Европскиот налог за истрага, со тоа што им дава поддршка на судскиот орган во земјата-членка што го подготвува и издава Европскиот налог за истрага, во однос на формата, содржината на налогот, до целосно негово комплетирање, подобрување во однос на комунакацијата помеѓу судските органи на земјите-членки што ги издаваат и извршуваат, а исто така и подршка и помош постои и за надминување на практичните потешкотии кои може да се појават во целиот процес.

3.3.3 Улогата на Европрава во Заеднички истражни тимови

Заеднички истражен тим (ЗИТ) е една од најнапредните инструменти што се користат во меѓународната соработка во кривични предмети, што опфаќа правен договор меѓу надлежните органи на две или повеќе држави со цел спроведување на кривични истраги. Заедничките истражни тимови се составени од судии, обвинители и органи кои се надлежни за спроведување на законот. ЗИТ се формираат за определен период,кој обично трае од 12 до 24 месеци, колку што е потребно за да се постигнат успешни заклучоци за истрагите.

Европравда е домаќин на состаноците на Секретаријатот на мрежата на ЗИТ, кој ги поддржува и стимулира активностите на мрежата на ЗИТ.

---

[25] Directive 2014/41/EU of the European Parliament and of the Council of 3 April 2014 regarding the European Investigation Order in criminal matters

Во покомплицирани и потешки прекугранични истраги брзината и ефикасноста во истрагата се од суштинско значење. Во многу случаи, оперативните потреби на инволвираните страни не можат да се остварат со традиционалните канали на заемна правна помош, па во однос на тоа директната соработка и комуникација меѓу властите е најефикасниот метод за справување со зголемената софистицираност на организираните криминални активности. Заедничките истражни тимови на националните власти им нудат флексибилна рамка што е релативно брза и лесна за утврдување и им овозможува на соодветните органи да учествуваат во истрагата на заемно корисен начин.

Откако ќе се формира ЗИТ, страните можат директно да соработуваат, во однос на разменување на информации и докази, при што заеднички можат да ги извршуваат операциите. ЗИТ исто така дозволува присуство на практичарите за време на истражните мерки кои се спроведуваат на територијата на државата партнер, и притоа поефикасно да ги разменуваат своите технички вештини и човечки ресурси. Директните контакти и комуникација им овозможуваат на членовите на ЗИТ да градат лични односи и доверба, што доведува до побрза и поефикасна соработка. ЗИТ се сè повеќе признати од практичарите од земјите-членки на ЕУ како вредна алатка за судска соработка со држави што не се членки на ЕУ. Република Северна Македонија добива институционална поддршка и помош во формирањето на заедничките истражни тимови и преку ЕВРОПОЛ и Европравда.

3.4 Соработка на Европравда и Северна Македонија

Во текот на 2008 година Република Македонија ги започна преговорите со Европравда со цел склучување на Договор за соработка. Притоа, во текот на преговорите беше оценето дека една од главните претпоставки за склучување на овој договор е воспоставување на адекватен систем на заштита на личните податоци во Република Македонија во органите со посебни овластувања согласно закон, што резултираше со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци и бришење на делот содржан во

Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, а кој се однесува на тоа дека оваа Конвенција нема да се применува при водење на кривична постапка. По завршување на овие процеси на 28 ноември 2008 година беше потпишан Договорот за соработка помеѓу Република Македонија и Европравда (EUROJUST) и објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51 од 2009 година.

Согласно одредбите на членот 17 од Законот за ратификација на Договорот за соработка меѓу Република Македонија и Европравда (EUROJUST) утврдено е дека националниот орган за заштита наличните податоци (во конретниот случај: Дирекцијата за заштита на личните податоци) во Република Македонија поднесува Извештај на годишно ниво до Европравда за состојбите во областа на правосудството (јавните обвинителства) во однос на имплементација на прописите за заштита на личните податоци.[26]

3.4.1 Начин на соработка помеѓу Северна Македонија и Европравда-Обвинител за врски

Обвинителите за врски кои доаѓаат од земји кои не се дел од ЕУ, се испратени во Европравда врз основа на меѓународниот договор со соодветната земја. Тие се вклучени во работата заедно со своити колеги од земјите-членки, за да обезбедат поефикасни и побрзи прекугранични истраги, во коишто истраги е вклучена нивната земја. Со цел олеснување на судската соработка помеѓу Еброправда и трети земји, обвинителите за врски имаат пристап до алатките и капацитетите на Европравда. Мандатот и времетраењето на секое назначување или именување на Обвинителите за врски го одредува националната власт на третите земји.

[26] *Пишува: м-р Марјана Поповска, инспектор за заштита на личните податоци во Дирекција за заштита на личните податоци*

Како предуслов за да биде побарана и обезбедена помош од Европравда се наведува постоење на активно барање за меѓународна правна помош упатено од надлежниот обвинител кој го води предметот во матичната држава до најмалку една земја членка на ЕУ, или земја со која Европравда има склучено договор за соработка. Постојат повеќе механизми кои им стојат на располагање на обвинителите за врски во Европравда, преку кои се обезбедува бараната помош. Тие механизми се различни, а вклучуваат воспоставување на директен контакт помеѓу надлежните органи од инволвираните страни, олеснување на комуникацијата и извршувањето на барањата за меѓународна правна помош, па сè до организација на состаноци и обезбедување на помош при формирање на заеднички истражни тимови.

Координативните состаноци кои се огранизираат ги сочинуваат јавни обвинители од различни држави кои што работат на ист случај кој ги засега нивните држави. На тие состаноци практично обвинителите се договараат за идните мерки и активности кои треба да се превземаат и кои се неопходни за истрага. На овие состаноци може да биде договорено и ден на акција, кога практично и паралелно во засегнатите држави во ист ден ќе бидат преземани однапред договорени активности, како на пример, претреси, лишувања од слобода, испитувања на лица и слично.

3.5 АФКОС-одделение за координација за борба против измами на ЕУ средства

Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата (АФКОС) е формирано во Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства во рамките на Министерство за финансии на Република Северна Македонија како контакт точка за соработка со канцеларијата на Европската комисија за борба против измама (OLAF).

Надлежностите на АФКОС се утврдени во член 50 од Рамковната спогодба помеѓу Република Северна Македонија застапувана од страна Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за постапките за

спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) (”Службен весник на РМ” бр.99/2015). Обемот на работата на Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата е утврден и во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии бр.01-6174/5 од 05.12.2018 година.

Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата ги има следните надлежности:

- Координација на административни и оперативни обврски и активности и предложува измени на националното законодавство, со цел да се заштитат финансиските интереси на Европска Унија,

- Ги води активностите за изготвувањето и спроведувањето на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската унија,

- Ја олеснува ефективната соработка и размена на информации со ОЛАФ,

- Идентификува можни слабости во националниот систем за управување со фондови на Унијата,

- Обезбедува доволен капацитет од човечки капитал за овие задачи, вклучувајќи обука на персонал за спречување на финансиска измама,

- Ја поддржува соработката помеѓу националната администрација, органите на прогонот и ОЛАФ,

- Споделува информации за неправилности и случаи на сомнеж за измама со надлежните национални државни органи и ОЛАФ,

- Обезбедува исполнување на другите обврски за заштита на финансиските интереси на Европска Унија предвидени со правните документи за имплементација на ЕУ помошта во Република Македонија.[27]

3.5.1 Европска канцеларија за борба против измами OLAF

Европската канцеларија за борба против измама (ОЛАФ) ги истражува измамите поврзани со буџетот на ЕУ, како и корупцијата и тешкото кршење на законите во институциите на ЕУ. Покрај тоа, ја развива и политиката за борба против измама за потребите на Европската комисија. Иако при спроведување на истрагата има целосно независен статус, ОЛАФ е дел од Европската комисија и одговара на повереникот задолжен за буџет и администрација. Европската канцеларија за борба против измама е единствен орган на ЕУ кој е овластен да открива, истражува, застанува на патот на измамите поврзани со фондовите на ЕУ. Таа е и главен орган кој е овластен да ја истражува корупцијата и тешкото кршење на законите од страна на персоналот на ЕУ и членовите на институциите на ЕУ. Игра важна улога во обезбедувањето на интегритетот на персоналот на ЕУ, што е предуслов за ефикасно функционирање на институциите на Унијата.

За да ја исполни својата мисија, ОЛАФ:

• спроведува независни истраги на измама и случаи на корупција во врска со фондовите на ЕУ;

• истражува случаи на тешко кршење на законите од страна на персоналот на ЕУ и членовите на институциите на ЕУ;

• ја развива политиката на ЕУ за борба против измамата.

ОЛАФ ги отвора истрагите врз основа на податоците кои ги добива од многубројните приватни и јавни извори. Истрагите се однесуваат на измама, корупција и други дела кои влијаат на финансиските интереси на ЕУ, кога станува збор за:

• приходите од буџетот на ЕУ (вогласно се во прашање царински измами);

[27] Повеќе види на: https://finance.gov.mk

• сите други издатоци на ЕУ (потрошувачка која вклучува структурни фондови, фондови за развој на земјоделството и руралните подрачја, директни расходи, надворешна помош на земјите кои не се членки на ЕУ и нелегална трговија на тутунски производи и фалсификувана роба);
• недоличното однесување на персоналот на ЕУ и членовите на институциите на ЕУ.

Кога предметот ќе се отвори, тој може да се означи како внатрешна истрага (административна истрага во рамки на некои институции или тела на ЕУ), надворешна истрага (административна истрага надвор од институциите или телата на ЕУ) или предмет кој бара координација. Во овој последен вид предмети ОЛАФ помага во истрагата која ја спроведуваат националните органи или некое друго одделение на ЕУ, така што го олеснува прибирањето и размената на информациите и воспоставува контакти. По завршување на истрагата подготвува извештај и процена на финансиската штета. Доколку е потребно, генералниот директор на ОЛАФ ги усвојува препораките во врска со конкретните работи кои треба да се преземат. Препораките може да бидат од финансиска, правосудна, дисциплинска или административна природа. Финансиските препораки се упатуваат на институциите, телата, канцелариите и агенциите на ЕУ, или надлежните органи на оние земји членки кои ѝ обезбедуваат средства на ЕУ или управуваат со нив.

Правосудните препораки се упатуваат на националните обвинителства, додека дисциплинските се упатуваат на органите кои во соодветните институции или тела на ЕУ се овластени да спроведуваат дисциплинска постапка. Административните препораки се упатуваат на институциите, телата, организациите или агенциите на ЕУ, а целта им е да се елиминираат недостатоците во административните постапки или законодавството.

Покрај истражната работа, ОЛАФ придонесува кон развивање квалитетна политика на ЕУ во борбата против измамата така што ја поддржува подготовката на законодавните и регулаторните иницијативи на Европската комисија на кои им е цел да се спречи измамата како појава. Освен тоа, тој ѝ помага на Европската комисија и во развивањето и ажурирањето на стратегии за борба против измамата,

во подигнувањето на свеста за проблемите поврзани со измамата, а нуди и различни обуки и семинари за сузбивање на овој облик на криминално делување.

Клучни учесници на ОЛАФ во земјите членки се: националните органи за спроведување закони, царинските органи и правосудните органи. Граѓаните и приватните компании се исто така важни, бидејќи често ја известуваат Агенцијата за можните случаи на измама. ОЛАФ тесно соработува со Европскиот парламент и Советот на ЕУ.

Што се однесува до истражните дејствија, работата на ОЛАФ ја надгледува надзорен одбор кој се состои од пет независни експерти. За да се зајакне независноста на ОЛАФ, одборот има и задача да го следи спроведувањето на истрагата.[28]

3.5.2 Систем за управување со неправилности при Министерството за финансии

Системот за известување на неправилности при користење на фондовите од ЕУ во Република Северна Македонија постојано се развива од 2007 година, кога органите на државната управа се подготвуваат за акредитација од Европската комисија за децентрализирано управување со средствата на Европската унија (ЕУ). Главната функција на овој систем е известување за идентификуваните неправилности. Националниот координатор за авторизација (НАО) ја има целокупната одговорност за известување за неправилности до Европската комисија и без одлагање треба да известува, за сите сомнителни измами и други

[28] ИНСТРУМЕНТИ НА **ЕВРОПСКАТА УНИЈА** ЗА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ Јелена Бабиќ Барнес,Белград Септември 2020,стр 33-34

неправилности кои биле предмет на првичен административен и судски наод, како и за напредокот на административните и законските постапки по однос на истите.

Известувањето до Националниот координатор за авторизација го вршат службеници за неправилности номинирани во секој од органите што управуваат и користат фондови на ЕУ. Постапките за администрирање на неправилности започнуваат по индикација за постоење на неправилност од страна на вработени од орган во рамките на системот за управување и контрола со ЕУ средствата, други институции или по надворешна дојава за неправилност.

Процедурите за превенција, откривање, известување и следење на постапувањето по пријавени неправилности врзано со користењето на средствата од помошта на ЕУ е составен дел на прирачниците на сите органи во составот на известување со неправилности и содржат детални правила за управувањето со неправилностите и сомнежите за измама.Известувањето за неправилности до Европска комисија се спроведува по пат на електронски систем за известување за неправилности (Irregularities Management System – IMS).[29]

3.5.3 Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија во Република Северна Македонија

Ревизорското тело е независен надворешен ревизор надлежен за ревизија и давање на мислење за правилно функционирање на системите за управување, контрола и надзор со претпристапната помош на ЕУ во РСМ, за целосноста, точноста и веродостојноста на годишните финансиски извештаи или изводи, за законитоста и регуларноста на настанатите трансакции со цел заштита на финансиските интереси на заедницата и националните интереси.

[29] Повеќе види на: https://finance.gov.mk

Во 2006 година со регулативата на ЕЗ број 1085/2006 за прв пат се поставија основите за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за земјите кандидатки за членство во ЕУ и потенцијалните земји членки.За таа цел со Одлука на Владата на Република Македонија на ден 31 јули 2007 година во рамките на Државниот завод за ревизија беше формирано Ревизорско тело за ревизија на претпристапните фондови на Европската унија во Република Северна Македонија (РСМ).

Во ноември 2007 година донесени се измени и дополнувања на Законот за државната ревизија ("Службен весник на РМ" број 133/2007) во кој беа уредени надлежностите и мандатот на Ревизорското тело усогласен со Рамковната спогодба помеѓу Република Македонија и Комисијата на европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од Европската Комисија за Република Македонија.

Следејќи ги препораките на Европската Комисија за обезбедување на функционална независност на Ревизорското тело, во мај 2010 година донесен е посебен Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), ("Службен весник на РМ" број 66/2010), со кој се уредува предметот на ревизија, организацијата и надлежностите на Ревизорското тело и начинот на вршење на ревизија на инструментот за претпристапна помош во РМ.

Целта на ревизиите е да се издадат извештаи и мислења по програми за објективноста на годишните финансиски извештаи или изјави/годишни сметки и за законитоста и точноста на трошоците и функционирањето на системот за управување и контрола за спроведувањето на претпристапната помош на Европската унија во Република Северна Македонија при индиректно управување со и без ex-ante контрола од страна на Европската комисија.

Годишните извештаи за ревизорските активности и ревизорските мислења по програми Ревизорското тело ги доставува до надлежните директорати во ЕК и Владата на РСМ. Ревизорското тело ревизијата на ИПА ја спроведува согласно меѓународно прифатените стандарди за ревизија на ИНТОСАИ(ISSAI) и упатствата дадени од надлежните директорати на ЕК.[30]

[30] Повеќе види на: https://aaipa.gov.mk

ГЛАВА 3

1.ОРГАНИЗИРАН ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА КОИ СЕ ПОЈАВУВААТ ПРИ ЗЛОУПОТРЕБА НА ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ

1.1 Поим и карактеристики на организираниот криминал

Организираниот криминал претставува една комплексно сложена појава,која се повеќе е застапена во сите области и сфери на современото живеење.За определувањето на поимот на организиран криминал во научната литература постојат голем број спротиставени мислења.Денес можат да се најдат голем број дефиниции за поимот на организиран криминал,но никако неможе да се дојде до една општоприфатена дефиниција која би важела за сите држави.

Некаде во почетокот на шеесеттите години од XX век, во САД почнуваат теоретските дискусии околу оваа проблематика, додека во Европа се развива подоцна, некаде околу осумдесеттите години на XX век. Тоа е периодот кога се издвојуваше порастот на организиран криминал, па токму поради тоа почнува и заинтересираноста кај повеќе истражувачи, темата за организираниот криминал да биде главна преокупација. Од историски аспект, темата за организиран криминал подолго време била запоставена, не само во нашата туку и во светската казненоправна и криминолошка литература. Организираниот криминал, како криминална појава претставува најконтроверзна проблематика на денешницата, еден од најкомплексните поими во своето битие.

Неговата комплицираност при поимното определување произлегува од неговите карактеристики, поточно противречноста на организираниот криминал се согледа во трансцендентниот карактер. Условно кажано, многу кривични дела можат да се вбројат во областа на организираниот криминал доколку ги содржат елементите од законските дефиниции на организираниот криминал. Од самиот поим може да се согледа дека не постои една и единствена дефиниција за тоа што

всушност претставува организираниот криминал, како единствен, генерички поим во меѓународни размери. Веќе споменавме дека за дефинирањето на организираниот криминал, во литературата постојат голем број дефиниции кои можат да се поделат во неколку групи:

1. Теоретски дефиниции;
2. Дефиниции на меѓународните тела и организации (меѓународни дефиниции);
3. Дефиниции од националните законодавства на поедини држави (службени дефиниции);[31]

Од истражувањата и анализите низ литературата може да се дојде до базброј дефиниции околу поимното определување на организираниот криминал,па така во домашната литература посебно внимание за определувањето на поимот на организиран криминал има посветено Проф.Д-р Владо Камбовски.

Проф. Д-р Камбовски организираниот криминал го дефинира како: „Извршување на кривични дела од страна на злосторнички здруженија заради остварување на профит и/или постигнување на моќ, со употреба на насилство, или со користење на посебната положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економии, политички и други активности, како и однапред направен систем на заштита од гонење.”[32]

Проф.Д-р Владо Камбовски после повеќегодишно истражување ја проширил својата дефиниција околу феноментот на организираниот криминал, која гласи: “ Организираниот криминал претставува извршување на казнени дела од страна на злосторничко здружение, заради остварување профит и/ или моќ, со употреба на насилство или со искористување на посебна општествена положба, со намалување на ризикот при вклучување во легалните економски, политички и други активности и со однапред создаден систем на заштита од гонење и со употреба на друга сила или притисок, користење на корупцијата, инволвирање на легалните економски и политички активности и влијание врз политиката, бизнисот,

[31] Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција – нови теоретски димензии и практични консеквенции, методика на откивање и докажување, Скопје, 2009,стр.50-51
[32] Камбовски, В., Правна држава и организиран криминалитет, Правен факултет, Јустинијан Први, Скопје , 1996 година. стр.8-9

медиумите и судството, задради полесно остварување профит и моќ и заштита од казнено гонење “.[33]

Понатаму, професорот Љупчо Арнаудовски организираниот криминал го определува преку следниве елементи:„Трајна централизирана криминална организација, хиерархиска поставеност, внатрешна поделба на работите, планско и системско занимање со криминалитет, конспиративност и затвореност, внатрешна дисциплина, развиен систем на јатаци, висок степен на покорност и верност, инфилтрирање во државните и стопанските институции и политичките партии до создавање на „персонална унија“ со цел за воспоставување на монопол врз криминалната бранша, интернационализација и користење на современите средства на комуникација и мобилност“.[34]

При дефинирањето на организираниот криминал тешкотии се јавуваат и кај странските автори.

Така, според, српскиот теоретичар Миќо Бошковиќ, под организиран криминал се подразбира: „активност на добро организирана криминална организација, со строга хиерархија, дисциплина, одговорност, лојалност и поделба на задачите, чијашто цел е остварување на што поголем профит и легализација на незаконски стекнат имот, благодарение на достигнатиот степен на општествен углед, било врз основа на пробив во структурите на власта или во воспоставените врски со органите на државата, државните органи, легалните деловни стопански субјекти и влијателни политички партии и странки“.[35]

За хрватскиот автор Ж. Сачиќ: „организираниот криминал опфаќа системски подготвени, со поделба на трудот, плански профитабилно извршени кривични дела, кои можат да ги извршат најмалку три поврзани соизвршители, здружени во криминално здружение, чија цел е стекнување и зголемување на финансиската корист и општествена моќ, со трајно, тајно и заедничко делување на членовите, без почитување на меѓународните граници, со користење на насилство, заплашување

[33] Камбовски, Владо, Организиран криминал, Скопје, 2005, стр.79
[34] Арнаудовски, Љ., Организиран криминалитет – феномен на денешницата, види повеќе во Криминологија, Скопје, 2007 година, стр.422-434
[35] Бошковиќ, М.,Транснационален организиран криминал, Полициска академија, Београд, 2003

или корупција за осигурување на својот илегален опстанок односно развојот на криминалната дејност“. [36]

Понатаму, една од најреферентните дефиниции во американската литература ја дава Абадински. Истиот смета дека: „организираниот криминалитет може да се одреди како неидеолошка дејност која вклучува повеќе лица во тесна општествена интеграција, организирана на хиерархиска основа со цел стекнување на профит и моќ за владеење со нелегални или законити активности, кои со мал ризик овозможуваат високи профити. Положбата во хиерархиската структура се зазема во согласност со способностите што ги поседува поединецот. Со разни средства се настојува да се отстрани конкуренцијата, затоа што има тежнеење кон монопол над одредени дејности или територии. Изразена е склоноста да се користи насилство или корупција со што би се остварила целта или воспоставила дисциплина“.[37]

Значајна дефиниција е дадена и во Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал (Палермо, 2000) за “организирана криминална група”. Според оваа конвенција “организирана криминална група“ е “составена од три или повеќе лица, која што егзистира одреден период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе сериозни казниви дела установени со ова Конвенција, заради остварување на директна или индиректна финансиска корист или друг вид материјална корист.[38]

1.2 Облици на организиран криминал

Со цел задоволување на барањата за стекнување со повисок профит, организираниот криминал е присутен во сите области,притоа изнаоѓајќи начини за успешно вградување во сите профитабилни институции. Неговите активностите денес стануваат посложени, пософистицирани, пазарно се ориентирани и се прилагодуваат на локалните и глобалните услови. Така, неговите активности се

[36] Б., Петровиќ., и Г., Мешко, Криминологија, Правни факултет Универзитета у Сарајево, Сарајево, 2004, стр.190

[37] 1 Abadinsky Howard, Organized Crime, 4-th ed, 1994

[38] Конценција на ООН против транснационалниот организиран криминал, Палермо, 2000

насочени кон вршење на незакнски дејствија со цел остварување на што е можно поголем профит за нивните криминални структури. Најголемиот дел од појавните облици на организираниот криминал меѓусебно се испреплетени и заедно се надополнуваат. Регионот на Југоистична Европа и таканаречениот "Балкански пат" претставуваат транзитна зона, која поволно им влијае на организираните криминални групи за извршување на нивните криминални активности. Недозволената трговија со дрога, оружје, моторни возила, недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти, како и недозволената трговија со стока за широка потрошувачка, недозволена трговија со предмети од културно-историско наследство, фалсифукување пари, перење пари, кражби и факсификување на интелектуална сопственост, компјутерски криминал, еколошки криминал, насилен криминал, се едни од најчестите облици на оранизираниот криминал кои се случуваат на регионот на Југоисточна Европа, а секако и низ целиот свет.

2.1 Поим и значење на економскиот криминал

При определувањето на поимот за економски криминал во денешната правна и законодавна теорија постојат несогласување помеѓу авторите кои го определуваат истиот поим, пред се поради различностите кои постојат во општествено-економските и политичките системи на различни држави.

Економскиот финансиски криминал е облик на криминал, поврзан со криминалот на злоупотреба на власта, на кој во минатото не му е посветено доволно внимание, но во последниов период добива своја популаризацијха и актуелизација, исто како и другите "нови" форми на криминал. Таа актуелност се однесува на последиците кои ги остава врз политичкиот и економскиот систем, при што има негативно влијание на правната држава и начелото на владеењето на правото.[39]

Кога се зборува за економскиот криминал воопшто, нема поставено некоја посебна терминолошка дефиниција, поради фактот што околу дефинирањето на терминот не е постигнат заеднички консензус, така што некои теоретичари го нарекуваат "стопански", други "економски", трети "бизнис-криминал", "криминал

[39] Криминал на злоупотреба на власта/Васко Стамевски.- Скопје 2018,стр.96

во економијата" итн. Ова е показател за парцијалноста и неорганизираноста во пристапот кон теоретска обработка на овој вид криминал, гледајќи од повеќе аспекти: терминолошки, кривично-правен, криминолошки, економски и др.[40]

Во проделжение ќе бидат наведени неколку согледувања за поимот на економскиот криминал од домашни и странски автори.

Акад. Камбовски во неговата студија за организираниот криминал истакнува дека „најширокаата дефиниција на економскиот криминалитет е блиска на таа на поимот на „криминалот на белите јаки": се работи за различни дејствија на повреда на законите во вршењето на активности на пазарот од страна на физички или правни лица, со кои се предизвикуваат штетни последици за системот на економските односи или за другите субјекти на пазарот во нивните деловни односи или во својство на потрошувачи на добра и на услуги. Во потесна смисла оваа дефиниција е концентрирана врз злоупотребите во или на компаниите кои имаат штетни последици за другите учесници или потрошувачите, што според една груба поделба опфаќа дејствија насочени против самата компанија од страна на нејзините менаџери или вработени или дејствија преземени во корист на компанијата".[41]

Според Лазар Нанев "Стопанскиот криминалитет го сочинуваат сите казнени однесувања (сторувања и несторувања) со кои се напаѓа стопански однос (процеси и активности), кои настануваат или непосредно произлегуваат односно се вршат во рамките на некој стопански однос или и во врска со тие односи, од страна на субјектите на тие стопански односи, кои располагаат со овластувања спрема имотот на кој тие односи се засноваат, а на кои со однесување непосредно, му се нанесува штета на тој имот и се повредуваат или загрозуваат стопанските односи".[42]

Според Милутиновиќ најоправдано е она стојалиште кое при определувањето на структурата на стопанскиот криминалитет го става акцентот во прв ред на оние инкриминирани дејности кои ги извршуваат стопанските

[40] Исто.
[41] Камбоски, Владо, „Организиран криминал" 2-ри Август С-Штип, Скопје, 2005, стр.79
[42] Нанев, „Криминолошки аспекти на стопанскиот криминалитет" , Кавадарци: 2-ри Август С- Штип, 2007,стр. 83

претпријатија во процесот на вршењето на својата стопанска активност како и службените лица по нивните овластувања и во нивно име. Со таквите активности практично се јавува нов вид на криминалитет со посебни белези од аспект на социолошкото стојалиште што може да има штетни економски, политички и други последици поради што општеството е должно да се заштити со кривични санкции.[43]

Една од најпознатите дефиниции на оваа појава потекнува од Едвин Сатерленд кој го употребува терминот „кримилитет на белите јаки“(white collar crime). Тој ја дефинира оваа појава како „криминал кој се јавува во областа на стопанското работење, чии форми на исполнување најчесто во махинациите се во врска со купопродажбата на разни акции, лажна рекламна стока, лажно искажување на финансиската состојба на поедини корпорации, подмитување на деловните партнери, непосредни или посредни подмитувања на државните службеници, а во целта на осигурувањето поволни работни аранжмани, проневери, ненаменско трошење средства, даночни затајувања и сл.[44]

Од суштественото значење на стопанството во општеството призлегува и големината на општествената опасност од девијантните, незаконити, противправни однесувања во таа област, преку сторување на деликти со кои се повредуваат индивидуалните и општествените правни добра на стопанскиот живот заради стекнување на нелегалните богатства на штета на другите. Големината и распространетоста на стопанскиот криминал е огледало на степенот на криминализацијата на општеството во оваа сфера, односно економскиот криминалитет е најдобар, најсилен индикатор за поставеноста, функционирањето и состојбите во стопанскиот и економскиот систем на тоа општество.[45]

2.2 Карактеристики на економскиот криминал

[43] Милутиновиќ, Милан, „Криминологија“ Просвета Белград , 1969, стр. 177
[44] Sutherland, H.Edwin, „White-collar criminality“ American Sociological Review, vol.5,no.1, Indiana University, 1940. February, Стр. 1-12, достапно на www.asanet.org/
[45] Арнаудовски, Љупчо, „Криминологија“, 2-ри Август С – Штип, Скопје, 2007, стр.356

Една од карактеристиките на стопанскиот криминалитет во денешнината е негова транснациналност и интернацинализација. Ова поради тоа што во современиот глобален свет стопанствата на сите држави се поврзани, упатени едни на други и меѓусебно зависни. Во таа смисла стопанскиот криминал има глобален карактер и планетарни размери, како и огромен број на оштетени жртви, било да се тоа физички лица, стопански субјекти, па и цели држави. Познати се банкарски проневери и измами со светски последици, а неодамна е обелоденета афера со вградување на софтвер кај производител на позната марка на моторни возила за лажирање на податоците за емисија на штетните гасови и со тоа на голема измама на купувачите во целиот свет, како и кршење на прописите за заштита животната средина на штета на здравјето на сите граѓани, се заради остварување на нелегани финансиски добивки. Неоткриениот стопански криминалитет на сторителите им носи огромни незаконски профити, а истовремено се оштетуваат милиони луѓе, како директно, така и индирекно, преку штетите на државните буџети со делувањето на криминалците од овој криминалитет на неограничени простори. Сосема оправдано се заклучува дека интернационализација на економскиот криминалитет ги отвора можностите за пласирење на криминално стекнатите пари на туѓи пазари што само по себе го создаде и новиот облик на криминалитет – перење пари, како начин на прикривање и легализација на криминално стекнатите пари.[46]

Со оглед на тоа што за успешна борба против меѓународниот стопански криминалитет е неопходна соработка на државите во Конвецијата на Советот на Европа за перење пари, откривање, запленување и конфискација на имотната корист прибавена со кривично дело е предвидено дека „страните ќе соработуваат колку е можно пошироко едни со други, со цел за спроведување на истрагите и водење на постапките што се однесуваат на конфискацијата на инструментите и имотната корист.[47]

[46] Арнаудовски, Љупчо, „Криминологија“, 2-ри Август С – Штип, Скопје, 2007, стр.359
[47] Convention on laundering, search, seizure and confiscation of the proceeds from crime, Council of Europe, Strasbourg ,1990 art.7

2.3 Најзастапени облици на организиран екомомски криминал

Меѓу појавните форми на стопанскиот криминалитет според својата зачестеност и штетност се издвојуваат: разни малверзации во надворешно-трговските и банкарските дејности со кршење на прописите за деловноста, девизниот и кредитно- монетарниот систем на земјата, недозволена трговија со поголеми количества на акцизни стоки(нафта, кафе, цигари, алкохол и сл.), злоупотребите на службената положба, фалсификување на службена исправа, даночно затајување, проневера, финансиски измами, предизвикување на стечај, како облик на стопански криминал, како последица на стопански криминал и како облик на прикривање на стопански криминал , субвенциони измами и кредитни измами, изигрување на прописитие од даночниот систем, злоупотреба на системот на извозни субвенции во трговијата со животни продукти, повреди во конкуренцијата, измама, изигрување на довербата, поткуп, лихварство, фалсификување пари, договарање незаконски провизии и избегнување на нивно пријавување и сл.[48]

3.1 Видови јавни фондови кои ги нуди Европската Унија

Остварувањето на стратешките, економски цели и приоритети, ЕУ ги финансира преку бројни фондови, преку таканаречени Програми на Унија, посебни инструменти за развој, поддршка и соработка на полето на бројни политики од значење за ЕУ како и преку бројни и разновидни финансиски инструменти.Средствата од европските фондови се планираат исто како и Буџетот на ЕУ за период од седум години.

Постојат **5 клучни** ЕУ Фондови познати под заедничкото име **Европски структурни и инвестициони фондови** (ЕСИФ)- European structural and Investment funds (ESIF):

[48] Сулејманов, Зоран „Македонска Криминологија“, Графохартија, Скопје 2000 стр. 487-488

1. Европскиот фонд за регионален развој ЕРДФ - the European Regional Development Fund **(ERDF),** е наменет за сите ДЧ; има за цел да ја зајакне економската и социјалната кохезија во ЕУ преку намалување на диспаритетите помеѓу различните региони.

2. Европскиот социјален фонд (ЕСФ) - the European Social Fund (**ESF**) е наменет за сите региони, инвестира во луѓето (човечки капитал) со фокус на подобрување на можностите за вработувањето и образованието/едукацијата низ Европа. Да се подобри ситуацијата на најранливите групи лица кои се изложени на ризик од сиромаштија е исто така цел на ЕСФ.

3. (Европскиот) кохезионен фонд (КФ) the Cohesion Fund **CF -** е наменет за државите со БНД понизок од 90% од просекот на ЕУ28 со цел намалување на економските и социјалните диспаритети и промовирање на одржлив развој. Кохезиониот фонд финансира проекти од областа на (заштитата на) животната средина и транспортот.
4. Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (ЕФРР) the European Agricultural Fund for Rural Development (**EAFRD**) - е наменет за сите држави, го финансира руралниот развој фокусирајќи се на решавање на специфичните предизвици на руралните региони.
5. Европскиот фонд за поморство и рибарство (ЕФПР) the European Maritime and Fisheries Fund (**EMFF**) - е наменет за сите држави, ги поддржува рибарите во развој на одржлив риболов, развојот на аквакултурата и активностите за отворање на нови работни места и подобрување на квалитетот на живот на луѓето во крајбрежните подрачја.
6. Постојат и бројни други фондови за финансирање на други потреби и за специфични потреби. Дел од нив се финансираат од извори надвор од Повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ.

1. Европскиот фонд за гаранции во земјоделството

- EAGRDF European Agricultural Guarantee Fund (EAGF) — Market related expenditure and direct payments

2. Европски фонд за прилагодување на глобализацијата

- the European Globalisation Adjustment Fund (EGF).

3. Фонд за солидарност на ЕУ

- The European Solidarity Fund (EUSF)

4. Фонд за азил, миграција и интеграција

- Asylum, Migration and IntegrationFund (AMIF)

5. Фонд за европска помош за лицата кои имаат најголема потреба од материјална помош

- Fund for European Aid to the Most Deprived (FEAD);

6. Европски развоен фонд

- European Development Fund (EDF)

7. Истражувачки фонд за јаглен и челик

- Research Fund for Coal and Steel (RFCS)

8. Фонд за внатрешна безбедност

- The Internal Security Fund (ISF).

3.2 Користење на средства од јавните фондови на ЕУ во Република Северна Македонија

Република Македонија е земја кандидат за членство во Европската Унија од 2004 година. Но, уште пред добивањето на кандидатскиот статус Македонија ја има можноста за користење на различни европски фондови и програми, меѓу кои позначајни се ФАРЕ (Помош за реконструкција на полската и унгарската економија), КАРДС (Помош на Заедницата за реконструкција, развој и стабилност на Западен Балкан), САПАРД (Специјална програма за земјоделство и рурален развој) и ИСПА (Претпристапен инструмент за структурни политики). Со донесувањето на Регулативата 1085/2006 на Советот на Европската Унија, овие програми во програмскиот период 2007-2013 година се групираат во единствен

Инструмент за претпристапна помош (ИПА) за сите земји кандидати и потенцијални кандидати за членство. ИПА 2007-2013 се состои од 5 компоненти:

1. Транзициска помош и институционално јакнење
2. Прекугранична соработка
3. Регионален развој
4. Развој на човечки ресурси
5. Земјоделство и рурален развој (ИПАРД)[49]

Република Македонија има договорно уредени односи со Европската комисија уште од 1996 година, кога била потпишана спогодба за помош од програмата PHARE. Во 1997 година Македонија потпишала Спогодба за соработка (Cooperation Agreement), која била важечка до 2004 година, како и спогодби за текстил, кои биле важечки во периодот од 1998 до 2003 година. Во согласност со заклучоците на Загребскиот самит, одржан во ноември, 2000 година, од април, 2001 година, Македонија стана првата држава од регионот со потпишана Спогодба за стабилизација и асоцијација (Stabilization and Association Agreement - SAA). Таа Спогодба е влезена во употреба од месец април 2004 година. [50]

Главниот инструмент кој треба да им помогне на земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати да ги исполнат критериумите за членство во ЕУ е Инструментот за Претпристапна Помош (ИПА). ИПА ги заменува претходните претпристапни инструменти како Фаре, ИСПА, САПАРД, претпристапниот инструмент за Турција и КАРДС финансискиот инструмент за земјите од Западен Балкан. Од 2007, овие земји добиваат фондови и поддршка од ЕУ преку овој единствен канал. ИПА е средство со кое ЕУ ги поддржува реформите во 'земјите на проширување' со финансиска и техничка помош. ИПА фондовите ги зголемуваат капацитетите на земјите во текот на пристапниот процес, резултирајќи со прогресивен и позитивен развој на регионот.

ИПА фондовите ги „олеснуваат“ политичките и економските реформи во земјите примателите на помош и ги спремаат за правата и обрските кои

[49] Истражување „Користење на ЕУ фондовите од страна на општините во Република Македонија” Март 2017,стр:15-16

[50] Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија,ефикасност,влијание и апсорпционен капацитет,збирка на студии,Институт за европска политика - Скопје,Ноември,2013 год. Стр:18

произлегуваат од членството во ЕУ. Со помош од ЕУ, граѓаните од регионите на проширување може да имаат корист од подобрите можности и севкупни услови.

Нивните земји може да развијат исти стандарди како оние кои се уживани од страна на сегашните граѓани на ЕУ. Дополнително, овие фондови и помагаат на ЕУ да ги постигне сопствените цели, т.е. во оддржливото економско опоравување, снабдување со енергија, транспорт, животна средина и климатски промени, во целиот регион. Севкупно, ова се исто така значајни инвестиции за иднината на ЕУ.

Распределбата на ИПА фондовите помага да се преточат политичките приоритети на стратегијата на проширување во конкретни активности на земјите. Преку ИПА, ЕУ го засилува своето водство на земјите аспиранти, посебно во одредување на приоритетите кои се неопходни за да тие ги постигнат стандардите на ЕУ и да ја усогласат нивната легислатива со таа на ЕУ. Сепак, замјите кои се корисници на ИПА имаат многу различни потреби за финансирање. [51]

3.3 Сторители на неправилности кои влијаат на финансиските интереси на Европрската заедница

Како учесници во нарушувањето на финансиските интереси на Европската заедница може да се јават економските оператори, неправилности може да бидат извршени од страна на земјите-членки и нивните претставници, како и од страна на претставници на самата Европска заедница.

Економските оператори се одговорни за поголемоиот дел од штетата врз финанскиските интереси на ЕЗ. Економските оператори можат да ги извршат неправилностите на тој начин што намерно или ненамерно избегнуваат давачки или добиваат средства од Заедницата за кои немаат право. Сторувањето на овие неправилности најчесто е придружено со други кривични дела, како што се фалсифукување документи или корупција. Економските оператори претставуваат висока закана за финансиските интереси на Евопската Заедница.

[51] ЗЕЛС, Општините во Република Македонија и ЕУ фондовите, стр: 3-4

Официјалните претставници на Европската заедница може да бидат чинители во нарушувањето на финансиските интереси на ЕЗ преку внатрешните сектови на Заедницата, кои што неправилности се придружени и со други кривични дела како што се корупција и малверзации.

Претставниците на земјите-членки исто така може да се јават како чинители во нарушувањето на финансиските интереси на ЕЗ. Неправилностите од страна на претставниците на земјите-членки најчесто се случуваат преку намерно или несвесно прекршување на Правото на Заедницата.

3.4 Дефинирање на измама на штета на средства на Европската заедница во Кривичниот законик на РСМ

Со измените на Кривичниот законик кои се направени во 2009 година, а истите се применуваат од Март 2010 година, се инкриминира ново кривично дело кое спаѓа во кривични дела против имотот кое дело гласи „**Измама на штета на средства на Европските заедници**“ (член 249-а). Со ова кривично дело се инкриминираат дејствија со кои се нанесува штета на средствата на Европската заедница, притоа земајќи го во предвид статусот на РСМ како земја кандидат за членство во Европската Унија и пристапноста до европските фондови.

Според Кривичниот законик на РСМ одредбите кои се однесуваат на ова кривично дело се следниве:

Измама на штета на средства на Европската заедница Член 249-а

(1) Тој што со употреба или прикажување на лажни, неточни и непотполни изјави или исправи или пропуштање на давање податоци противправно присвои, задржи или предизвика штета на средствата на Европската заедница, средства со кои управува Европската заедница или се управува во нивно име, ќе се казни со затвор од шест месеца до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што средствата од ставот (1) на овој член ги искористил спротивно на одобрената намена.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со употреба или прикажување на лажни, неточни и непотполни изјави или исправи или пропуштање

на давање податоци, противправно ќе ги намали средствата на Европската заедница, средствата со кои управува Европската заедница или се управува во нивно име.
(4) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.[52]

3.5 Откривање на измами и неправилности за заштита на средствата од јавните фондови на ЕУ

Неправилност е непридружување или погрешна примена на законите и други прописи како и меѓународните спогодби, која произлегува од работата или пропустите на корисниците на јавните средства, а која има или би можело да има штетно влијание на Буџетот на Република Македонија, средства од ЕУ и средства од други домашни и странски извори, било да се работи за приходи/примања, расходи/издатоци, поврати, наследства или обврски.

Измама е било каква намерна постапка или пропуст поврзана со: користење или прикажување лажни, неточни или нецелосни изјави или документи, што има за резултат незаконско присвојување или неправедно задржување на јавни средства, средства од ЕУ и средства од други домашни и странски извори; неоткривање на информации, при што се крши некоја посебна обврска со ист ефект и неправилна употреба на таквите средства за цели поинакви од оние за кои средствата биле првично доделени.[53]

Откривањето на неправилностите и измамите се однесува на сите активности и техники кои се користат со цел да се идентификува дали се случиле или пак се случуваат неправилности и измами при користење на ЕУ фондовите.

Неправилностите може да се откријат на следните нивоа:

• Во рамките на системот за управување и контрола со фондовите на ЕУ, односно Националниот ИПА координатор (во натамошниот текст: НИПАК), Националниот координатор за авторизација, Националниот фонд, канцеларијата за поддршка на НАО и оперативните структури, за време на редовните административни проверки

[52] Кривичен законик Пречистен текст (заклучно со „Службен весник на РМ“ бр.55 од 2013)
[53] Процедура за начинот на спроведување на постапката за спречување на неправилности и измама и прием на пријави за неправилности и измами во националната агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје,Април 2022,стр.1-2

(проверки на работното место) и за време на контролите на самото место на спроведување на проектите итн;.

Како резултат на проверки извршени од страна на внатрешните ревизори, ревизијата извршена од страна на Ревизорското тело за ревизија на ИПА, надзор, контрола и ревизија од страна на Европската комисија, Европската канцеларија за спречување измами (ОЛАФ) и Европскиот суд на ревизори;

• Надвор од структурите и органите за индиректно управување со фондовите на ЕУ;

• Други извори, како што се медиуми, укажувачи, анонимни извештаи итн.

Секоја институција во рамките на системот за управување и контрола со фондовите на ЕУ назначува службеник за неправилности. Досегашната воспоставена постапка е секое лице во рамките на системот за управување со ИПА да извести до службеникот за неправилности на таа институција за секоја откриена неправилност или сомнеж за измама. Службеникот за неправилности изготвува извештај за неправилност и го доставува до раководителот на ИПА структурата за одобрување. Извештаите за неправилности од ресорните министерства се испраќаат до раководителот на оперативната структура.

Раководителот на оперативната структура и директорот на ИПАРД агенцијата без одлагање доставуваат извештај за неправилност до НАО за сите случаи на сомнеж за измами и други неправилности кои биле предмет на првични административни или судски наоди и го информираат НАО за напредокот на административните и законските постапки.

Покрај тоа, НИПАК без одлагање доставува извештај за неправилност до НАО за сите случаи на сомнеж за измами и други неправилности кои биле предмет на првични административни или судски наоди и го информираат НАО за напредокот на административните и законските постапки.

НАО, без одлагање праќа известување за сите случаи на сомнеж за измами и други неправилности кои биле предмет на првични административни или судски наоди до Комисијата и постојано ја известува за напредокот на административните и законските постапки, во согласност со Рамковната спогодба, истовремено постојано известувајќи го и АФКОС.

Националните органи ја формираа структурата за известување во електронскиот Систем за управување со неправилности (ИМС) воспоставен од страна на ОЛАФ и ги номинираа одговорните лица. Така, на националните органи сега им е даден пристап до новиот ИМС модул. Почнувајќи од 2017 година, известувањето за неправилности кон ОЛАФ се извршува преку ИМС модулот. Во овој поглед, сите веќе пријавени случаи редовно се ажурираат преку Системот за управување со неправилности (ИМС).[54]

3.6 Истрага за измами и гонење на осомничени за сторени неправилности при користење на ЕУ средства

Целта на истражувањето на неправилностите е ефикасно идентификување на неправилностите и отстранување од финансирање несоодветни трошоци, со што се заштитуваат интересите на буџетот на земјата корисничка и финансиските интереси на Европската Унија.

Главни предуслови за ефикасно истражување се:

- Соодветна распределба на овластувањата помеѓу телата во системот за управување со неправилности;
- Помалку нивоа вклучени во процесот на донесување на одлуката за неправилност;
- Утврдени и испочитувани временски рокови за истрага.

Примарната цел на управувањето со неправилности е да се процени сомнежот за неправилност и да се донесе заклучок за постоење/отсуство на неправилност, што е директно поврзано со одлуката за прифатливост на трошоците. Во контекст на заштитата на финансиските интереси на Европската Унија во областа на управувањето со ИПА фондовите, барањата и постапките за истражување неправилности се опишани во постапките за работа на секое ИПА тело.

Во постапките за работа за превенција, откривање, истражување, известување и следење неправилности, исто така, се опишуваат две главни

[54]Национална стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија 2019-2022,стр.34-36

активности кои се извршуваат во процесот на истражување неправилности - вршење проверка на лице место и административна верификација/контрола на документи, како и алатки за истражување неправилности, кои би можеле да се земат предвид при откривање неправилности. Меѓутоа, се препорачува да се разгледа и да се разјасни прашањето за лицата одговорни за донесување одлука во врска со постоење неправилност и форматот на таквата одлука со цел да се постигне хомогена пракса во рамките на институцијата.

Исто така, важно е да се продолжи со користењето на специфичните надлежности на другите соодветни тела кои учествуваат во заштитата на фондовите на Европската Унија. Овие тела би можеле многу да придонесат за истражувањето на неправилностите давајќи го своето мислење, дури и ако тие не се одговорни за конечниот заклучок за неправилноста. Овластувањето за донесување одлуки за постоење неправилност секогаш треба да биде проследено заедно со правото да одлучува за подобноста на трошоците што им е доделено на органите на системот за управување со неправилности.

НАО, како највисок хиерархиски орган во системот за управување, иницира истрага во врска со неправилноста. За таа цел, НАО соработува со Управата за финансиска полиција, која ги извршува задачите на АФКОС. Соработката е регулирана со Меморандум за соработка.

Управата за финансиска полиција спроведува истраги за пријавените неправилности, согласно Законот за финансиската полиција, како и Меморандумот за соработка за превенција, откривање, пријавување и истражување неправилности во врска со имплементацијата на инструментот за претпристапна помош (ИПА) доделен за Република Македонија во рамките на децентрализираниот и целосно децентрализираниот систем за имплементација.

Врз основа на воспоставениот систем, Управата за финансиска полиција, во рамките на своите законски надлежности, ги истражува неправилностите пријавени од страна на НАО согласно Законот за кривична постапка и Кривичниот законик на Република Македонија.

Управата за финансиска полиција собира информации, податоци, документи и докази за конкретните случаи на неправилности и врз основа на доказите за

основано сомневање за постоење кривично дело, поднесува кривични пријави до Јавното обвинителство на Република Македонија. Надлежното обвинителство дава упатства/насоки за понатамошна истражна постапка.

Управата за финансиска полиција го известува НАО кога е поднесена кривична пријава за неправилност до Јавното обвинителство на Република Македонија за понатамошна постапка.Управата за финансиска полиција ја следи судската постапка од кривичната пријава и редовно го информира НАО.[55]

Истражувањето кривично дело, односно кривичното гонење и супервизијата над истрагата се во надлежност на јавниот обвинител. Кривичното гонење коруптивни кривични дела е во надлежност на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција Во согласност со Директивата за заштита на финансиските интереси на ЕУ, ново кривично дело беше воведено во Кривичниот законик на земјата корисничка во членот 249-а - Измама на штета на средствата на Европската заедница, кое се гони од основните јавни обвинителствата на земјата корисничка. Јавниот обвинител ги спроведува истрагата и гонењето по принципот на законитост за гонење по службена должност.

Одредбите во Законот за кривична постапка предвидуваат дека јавните обвинители ја спроведуваат истрагата, а притоа на располагање им е правосудна полиција. Правосудната полиција е составена од полициски службеници од Министерството за внатрешни работи и припадниците на финансиската полиција и со закон овластени лица на Царинската управа, кои работат на откривање кривични дела.[56]

4.1 Заштита на финансиските интереси на Европската Унија

Во Република Северна Македонија заштитата на финансиските интереси на Европрката Унија е регилирана преку:

- ✓ Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија “ бр.90/09);

[55] Исто. Стр.39-40
[56] Исто. Стр.41

- ✓ Рамковна Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници за правилата за соработка во врска со финансиската помош на ЕЗ за Република Македонија во рамките на спроведување на помошта според ИПА (Службен весник на Република Македонија “ бр.18/2008);
- ✓ Финансиска Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници во однос на третата компонента од ИПА - повеќегодишна програма за Регионален Развој;
- ✓ Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од ИПА (Службен весник на Република Македонија “ бр. 132/2008,119/2009);
- ✓ Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од ИПА (Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/2008, 123/2009);
- ✓ Прирачниците за внатрешни постапки на Националниот Координатор за Авторизација (НАО), Национален Фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (CFCD), ресорните министерства и институциите кориснички;
- ✓ Договорот за имплементација на ИПА проектите помеѓу НАО/НФ и CFCD;
- ✓ Оперативните Договори помеѓу CFCD и ресорните министерства;
- ✓ Меморандумот за Соработка за заштита, откривање, известување и истрага на нерегуларности во врска со имплементација на ИПА помошта во Република Македонија потпишан помеѓу NAO и AFCOS;
- ✓ Прирачник за внатрешни постапки на Агенцијата за финансиска подцршка на земјоделството и руралниот развој;
- ✓ Договор помеѓу Националниот фонд и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за имплементација на проектите од ИПАРД според целосно децентрализираниот систем за управување.

ГЛАВА 4

1.ПОВРЗАНОСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ СО ПЕРЕЊЕ ПАРИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ

1.1 Поим и карактеристики на перење пари

Перење пари во најопшта смисла е процес на прикривање на потеклото на парите или имотот стекнат со криминални активности, односно прикривање на вистинскиот извор на парите. Многу често поимот перење пари се поистовртува со поимот на т.н. "Валкани" пари. Материјална добивка е добиена по пат на извршување на кривични дела или други нелегални активности. Вклучувањето на такви пари во редовните парични текови претставува закана за финансискиот систем, негативно влијае врз економската стабилност на земјата,го нарушува владеењето на правото и демократијата и носи негативни последици за целото општество воопшто.

Процесот на перење пари не претставува целосно нов феномен, тргнувајќи од фактот дека отсекогаш криминалците правеле континуирани обиди за да ги скријат сите средства коишто потекнуваат од нивната криминална активност. Врз основа на тоа, иако оваа активност еден долг временски период се дефинирала како еден вид маргинален проблем, денес перењето пари претставува составен дел од секоја сериозна криминална дејност.

Перењето пари во теоријата и практиката не е нов феномен, тој се појавува уште во 20 век, кога оваа појава се сметала за маргинален проблем, но по експанзијата на трговијата со дрога перењето пари добива глобални размери. Имено, терминот „перење пари“ потекнува од поседувањето на синџири на работилници за перење алишта од страна на мафијата во САД уште во 30-тите години на 20 век, кога определени криминални групи заработувале големи износи на кеш од извршените изнуди, проституција, коцкање или од продажба на алкохол.[57]

[57] Министерство за финансии (2010) „Прирачник за спроведување на мерки и дејствија за спреување на перење на пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите“ - Скопје, стр.14

Бројката на дефиниции согласно кои може успешно да се долови содржината на еден феномен, кога станува збор за перењето пари, не може со прецизност да се определи. Тоа е факт од кој не може да се побегне, но, сепак, при негово дефинирање глобално секогаш се тргнува од една основна, појдовна точка, но и најпогодна дефиниција за организираниот криминал, и тоа како организирано учество на повеќе лица во казнено дело, односно:[58]„*извршување казнени дела од страна на злосторничко здружение заради остварување профит и (или) моќ, со употреба на насилство или со користење на посебната положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности и со однапред создаден систем на заштита од гонење*“.[59]

Оттука, перењето пари претставува комплексен процес или прикриена,софистицирана и профитабилна активност со чија „помош“ успешно се остварува богатство, односно се стекнува директна или индиректна финансиска или некој друг вид материјална корист. Се разбира, важно е да се напомене дека оваа активност секогаш се одвива во сферата на економијата, финансиите и високата технологија со која и преку која се вршат трансакциите на пари користејќи ги финансиските институции и како таква, претставува активност од акцесорна природа, бидејќи како дел, односно како една алка од целокупниот „синџир на криминал“ претставува само едно продолжение на некоја претходна криминална активност.[60]

Стекнувањето на материјална цел е основниот **мотив** на лицата кои за тоа се ангажираат. На прашањето, зошто и од која причина криминалците перат пари? - одговорот е едноставен – затоа што имаат голема сума на парични средства стекнати по нелегален пат, а причините се повеќе:

• **Избегнување на кривичното гонење – избегнување на даноците** – криминалците можат да избегнат плаќање на даноците на приходите на средствата;

• **Зголемување на добивката;**

---

[58] м-р Снежана Лековска Септември, 2014 г ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ НАДЛЕЖНИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

[59] Камбовски, Владо, „Казнено право - општ дел“, Скопје, 2011, стр. 396

[60] м-р Снежана Лековска Септември, 2014 г ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ НАДЛЕЖНИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

• **Легитимност** – криминалците можат да ги користат легализираните средства да започнат бизнис и да обезбедат негов легитимитет. [61]

Она што е карактеристично за процесот на перење пари е тоа што овој процес не ги засега деловните субјекти и институциите на системот, туку истиот поседува комплетно влијание врз секојдневниот живот на обичните граѓани, па врз основа на ова перењето пари може да создаде ширење на девијантните појави во општеството, како и потенцијална опасност која може да се појави како резултат на преземање на управувањето со финансиските институции од страна на криминалните групи, корелација помеѓу даночното одбегнување и перењето пари, како и нелојална конкуренција помеѓу субјектите коишто прат пари и чесните компании.

1.2 Процес на перење пари

„Перење пари“ претставува високоорганизирана, професионална и интелектуална дејност која е предизвик на современото општество. Оваа активност побудува голем интерес во теоријата и практиката, пред сè поради желбата да се создадат механизми за нејзино контролирање и намалување, која реално е тешко изводлива. Во таа насока посебно внимание се посветува на процесот на перење пари, неговите форми и шеми, како и на фазите од тој процес.[62]

Процесот на перење пари се разликува од држава во држава, зависно од неговата законска рамка и можноста за избегнување на плаќање данок. Иако постои разноликост на овој процес, сепак во литературата доминира мислењето дека процесот на перење пари се состои од три основни фази, и тоа:

- пласман;
- прикривање;
- интеграција. [63]

---

[61] Олга Кошевалиска, Елена Максимова. - Штип : Универзитет 'Гоце Делчев"-Штип, Правен факултет, 2018 Организиран криминал и корупција стр.43

[62] Трајкоски Г. (2011) Спречување на перење на пари кај финансиски институции, Академски печат, Скопје, стр.11

[63] Трајкоски Г. (2011) Спречување на перење на пари кај финансиски институции, Академски печат, Скопје, стр.12

1.2.1 Фазите во процесот на перење пари

Фазата на пласманот претставува процес на воведување на „валканите“ пари во светот на легитимноста. Притоа, се користат различни техники и методи почнувајќи од купување на стоки и услуги до депонирање на пари во банкарскиот и финансискиот систем преку повеќе секундарни трансакции кои го маскираат вистинскиот депонент. Со цел да биде намален ризикот во оваа фаза најчесто се користи операцијата „*smurfing*“ *(*разложување*),* на тој начин што сумата за перење се дели на помали износи*,* најчесто помеѓу различни поединци или фирми и потоа се воведува во легитимниот систем. Откако главната сума ќе биде поделена на помали износи, понатаму со нив можат да се купуваат финансиски инструменти, да се користат како депозити во банките или да се пласираат во легитимните готовински дејности како што се разните клубови, ресторани и казина.[64]

Прикривањето, или филувањето, значи зголемување на бројот на слоевите од сложени финансиски трансакции, или сериско финансиски трансакции, со цел да се одвојат незаконско стекнатите приходи од нивните незаконски извори. Значи, во оваа фаза се врши прикривање на изворот на средствата по пат на креирање на цел систем финансиски трансакции коишто имаат за цел да го оневозможат следењето на трагата на сомнителните пари. Најчесто, прикривањето се врши по пат на пренос на средствата на сметки на прекуморски банки (*offshore banks*) или вложување на средствата во акции на доносител од т.н. компании-школки (*shell companies*). Преносот на парите од нелегално потекло се врши по пат на електронски трансфер. Покрај електронскиот трансфер на пари, криминалците во фазата на прикривање се занимаваат и со трансакции на пазарот на хартии од вредност.

Интеграцијата претставува последна фаза во процесот на перење пари. Во оваа фаза парите се интегрирани во легитимниот економски и финансиски систем и претставуваат составен дел од вкупните средства во тој систем, односно се

[64]Прирачник за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, Министерство за финансии на Република Македонија, Скопје 2006

овозможува законско објаснување на појавата на богатството преку инвестирање во легалната економија. Интеграцијата на „испраните“ пари во економските текови се постигнува на тој начин што криминалната индивидуа или група тврди или докажува дека парите се стекнати на легален начин. Во оваа фаза скоро е невозможно да се направи разлика помеѓу легалниот и нелегалниот имот. Во фазата на интеграција, субјектите коишто вршат перење пари најчесто ги користат следните методи:

1. Основање анонимни компании во земји каде што тајноста е гарантирана.Новооснованите компании можат по легален пат да добијат кредит од банка и да го прошират полето на своето делување. Уште повеќе, овие компании бараатослободување од данок за отплатените ануитети по кредитот.

2. Испраќање лажни увозни или извозни фактури со преценета вредност на стоката или услугата што му овозможува на субјектот пренос на средствата од една земја во друга.

3. Наједноставен метод е пренос на средствата од банка во сопственост на криминалците кон легитимна банка во друга земја. Познато е дека во земјите кои се т.н. даночен рај, субјектите што перат пари лесно стануваат сопственици на банки.[65]

1.2.2 Форми на перење прари

Теоријата во оваа област познава повеќе критериуми врз основа на кои се врши поделба на облиците на перење на пари во банкарското работење и тоа:

Начин на стекнување на приходите;

• Потекло на приходите;

• Износ на приходите;

• Начин на пласман на приходите;

• Начин на прикривање на приходите;

• Начин на интеграција на пласманите; [66]

---

[65] Олга Кошевалиска, Елена Максимова. - Штип : Универзитет 'Гоце Делчев"-Штип, Правен факултет, 2018 Организиран криминал и корупција стр.40-41

[66] Levi, M., Reuter, P., „ Money Laundering“-University of Chicago, 2006, page 121-123

Но, од практични причини, најупотребувана поделба е на традиционален и современ облик на перење на пари.

Во **традиционалниот начин** на перење на пари спаѓа перењето на пари преку готови финансиски средства,на тој начин што организираните криминални групи ги внесуваат нечистите пари во системот на финансиските институции. Како депоненти на готови пари во нив, можат да се јават физички и правни лица. Депонирањето готови пари во вид на штеден влог е сосема нормална и природна активност, а доколку истите ги вложат парите, а нивниот профил кој го создала банката е „позитивен“, или пак, се работи за лице за кое е потребна посебна согласност за отварање на сметка (политички изложено лице) финансиската институција ги прифаќа готовите пари во вид на депозит.[67]

Современи начини на перење на пари се преку парични картички, преку кредити од банките и преку хартиите од вредност. Кај нас, најкарактеристично е перењето на пари преку кредити. Се врши на тој начин што лицето се појавува пред финансиската институција како кредито-барател, а како обезбедување за одобрување на кредитните средства нуди финансиски средства или друг вид на обезбедување како движен и недвижен имот, прибавен со валканите пари. Со прифаќање на обезбедувањата од страна на банката, доаѓа до реализирање наделото, на тој начин што кога нема да се исплати кредитниот долг, се активира залогот од страна на банката и има свесно губење на заложените средства, односно доаѓа до стекнување финансиски средства одобрени во вид на кредит, а кои се легални.[68]

1.2.3 Техники на перење пари

Перењето пари во денешни услови на стопанисување, главно, се врши преку финансискиот систем кој се појавува во секоја развиена или помалку развиена држава. Финансиските системи претставуваат плодна почва за развој на овој вид на криминал, пред сè, поради асортиманот производи и услуги што ги нудат овие институции, кој е навистина широк. Таквиот широк асортиман на некој начин ја

[67] Николовски, Н., „Банки и организиран криминал“, „Нордиа“-Скопје, 2011
[68] Феноменологија на организираниот економски криминал во Република Македонија м-р Горан Димовски,Август 2014,стр.4-5

поттикнува креативноста на криминалците и им овозможува користење различни техники, односно различни мерки и инструменти во процесот на перење пари.[69]

Техниките за перење пари во теоријата и практиката може да се поделат во зависност од изворите на приходи од кои се перат пари. Имено, доколку приходите се јавуваат како резултат на трговија со дрога, оружје или луѓе тие се изразени во готови пари, а перењето пари со помош на готовина спаѓа во т.н. традиционални техники.[70]

Покрај традиционалните, во практика се среќаваат и современи техники на перење пари. Тука фактички спаѓаат сите безготовински начини на перење пари. Како најзначајни можат да се наведат: електронски трансфер на пари, употреба на парични картички, кредити, хартии од вредност, осигурителни полиси итн. Како современа техника за перење пари од посебен интересен е електронскиот трансфер на пари, кој се врши преку деловните банки во вид на дознака или преку брз трансфер на пари („Вестерн јунион“, „Мани грам“ и сл.)[71]

1.3 Институционална структура за борба против измами во РСМ

Министерството за внатрешни работи претставува клучна институција во процесот на спречување на кривични дела и злоупотреби, нивно откривање и спроведување на сторителите пред лицето на правдата. Министерството за внатрешни работи превзема низа активности и мерки за судско гонење на сторителите на кривичните дела. Доста важен сегмент за МВР и воопшто за целата држава е воспоставувањето на комуникациска врска со Европол која се случи во 2009 година, која впрочем соработка обезбедува и ја олеснува брзата размена на информации. Исто така, МВР има воспоставено партнерство и со најголемата меѓународна полициска организација Интерпол.

[69] Bošković, M. (2009), "Pranje novca kao kriminološki i krivično-pravni problem", Novi Sad, p.22
[70] Bošković, G. (2005), Pranje novca, Beograd, p.14
[71] Bošković, M. (2009), "Pranje novca kao kriminološki i krivično-pravni problem", Novi Sad, p.22

Оддел за организиран криминал при Министерството за внатрешни работи ја има надлежноста за спречување и гонење на сторителите на организиран криминал и истиот тој оддел тесно соработува со Одделот за гонење на сторителите на кривични дела и корупција во рамките на Јавното обвинителство.

Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кое во 2007 се преименува во посебно обвинителство за постапување по предмети поврзани со организиран криминал и корупција на ниво на цела територија на Република Северна Македонија. Седиште на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е во Скопје. За својата работа ова обвинителство е одговорно пред Јавниот обвинител на Република Севрена Македонија кој врши надзор на работата на ова обвинителство, како и пред Советот на јавните обвинители.

Државна комисија за спречување корупција ја има надлежноста за усвојување на државната програма за спречување и сузбивање на корупцијата, изготвува планови за спроведување на таа програма, подготвува нацрт-закони кои се од значење за спречување на корупцијата. Истата комисија го следи и го регистрира имотот на функционерите и одговорните лица во јавните претпријатија кои располагаат со државен капитал.

Царинска управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии. Како основни надлежности на Царинската управа се: спроведување на царински надзор, спроведување на царинска контрола, царинење на стока, истражни и разузнавачки мерки со цел спречување, откривање и истражување на царински прекршоци и кривични дела, преземање мерки и активности со цел откривање и криминалистичко истражување на кривични дела од областа на царинското работење, фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка, водење на прекршочна постапка, изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок, согласно со закон, како и поведување на постапка по кривични дела утврдени со закон. Царинската управа може да побара од Министерството за

внатрешни работи помош во спроведувањето на одредбите на Законот за Царинската управа.

Финансиската полиција е формирана во јуни 2003 година и претставува тело во рамките на Министерството за финансии. Според Законот за Финансиска полиција[72] ова тело е одговорно за кривично гонење, како што е откривање сторители кои се вклучени во незаконски активности во полето на финансиски криминал, перење пари и други видови криминал, односно криумчарење, избегнување на данок или значително избегнување големи давачки за царина и други даночни обврски. Во 2007 година е донесен нов Закон за финансиска полиција[73] и според истиот закон Финансиската полиција станува Управа за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Управата за финансиска полиција има овластувања во предистражната постапка и во истрагата, во случаите кога работи на откривање кривични дела и нивни сторители и на прибирање докази заради кривично гонење на сторителите за кривичните дела.

Управа за финансиско разузнавање со своите надлежности почнува да функционира од 2002 година, како огран при Министерството за финансии. Со своите надлежности оваа управа е од исклучителна важност бидејќи работи на прибирање, обработка и доставување на податоци кои се важни за исполнување на целите за спречување на перење пари и финансирање тероризам. Регионалната и меѓународната соработка која ја имаа оваа управа се од голема важност за спречувањето на перењето пари и финансирањето на тероризам.

Управа за јавни приходи (УЈП) е тело во состав на Министерството за Финансии и претставува посебен субјект. УЈП е задолжена за спроведување на даночниот закон, регистрација на даночните обврзници, администрирање на единствениот регистар на даночни обврзници, собирање и обработка на даночните пријави, инспекција и следење и анализа на даночната евиденција.

---

[72] Закон за Финансиска полиција (Службен весник на Република Македонија бр.55/02)
[73] Измени и дополнувања на законот за финансиска полиција (Службен весник на Република Македонија бр.55/07)

Државен завод за ревизија (ДЗР). Првиот Закон за државна ревизија бил донесен во 1997 година[74] . Со овој Закон се дефинираат делокругот на државната ревизија, се уредуваат условите и начинот за вршење на државната ревизија на државните расходи, финансиските извештаи и финансиските трансакции и други прашања во врска со ревизијата на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, правните лица кои во целост или делумно се финансираат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетите на фондовите, правните лица во кои државата е доминантен акционер, јавните претпријатија, Народната банка на Република Македонија, Заводот за платен промет, фондовите, агенциите и другите институции основани со закон. Низ годините овој Закон бил неколку пати дополнуван, со цел да се доближи до стандардите и праксата на Европската Унија. Во овој контекст надлежностите на Државниот завод за ревизија се проширени со нов предмет и субјекти на ревизија (фондовите на ЕУ и политичките партии). Всушност, законските измени придонесуваат за целосно усогласување со меѓународните стандарди, европската регулатива и најдобрата меѓународна пракса.

1.4 Законска регулатива во РСМ при сузбивање на перењето пари

Република Северна Македонија досега има преземено низа активности на домашен и меѓународен план, во насока на активно учество и придонес во глобалните напори за борба против перење пари и финансирањето тероризам.

Република Македонија како мала и независна држава многу често е мета на перачите на пари, па затоа се преземаат бројни активности, како на домашен, така и на меѓународен план во насока на активно учество и придонес во глобалните напори за борба против перењето пари. Република Македонија иако не е членка на Европската Унија сепак ги има ратификувано меѓународните инструменти, како што се: Конвенција на ОН против нелегалната трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции (Виенска конвенција од 1988 г.), Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично

[74] Закон за државната ревизија (Службен весник на Република Македонија бр.66/10, 145/10)

дело, Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (Конвенцијата од Палермо од 2000 г.), Меѓународна конвенција за спречување на финансирање на тероризмот (од 1999 г.), Директивите на Советот на Европската Унија од 1991 година за спречување на употребата на финансискиот систем за целта на перење пари (91/308/ЕЕЗ) и Директива 2001/97/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 2001 година, со која се дополнува Европската директива 91/308 и како и препораките на ФАТФ за перење пари кои се важни за меѓународната регулатива на процесот на перење на пари.[75]

Во сферата на домашното законодавство усвоени се повеќе закони кои ја регулираат превенцијата во сферата на спречување на перење пари и финансирање тероризам. Во продолжение ќе бидат наброени неколку закони кои имаат улога во превенцијата и репресијата за спречување на парењето пари и финансирањето тероризам:

− Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам;
− Закон за трговски друштва;
− Закон за Народна банка на Република Македонија
− Закон за банки;
− Закон за девизно работење;
− Закон за вршење услуги брз трансфер на пари;
− Закон за супервизија на осигурувањето;
− Закон за хартии од вредност;
− Кривичен закон;
− Законот за кривична постапка;
− Закон за меѓународни рестриктивни мерки.

Во однос на меѓуинституционалната соработка во борбата против перењето пари Владата на Република Северна Македонија има формирано Совет за борба против перење пари и финансирање тероризам. Истиот тој совет е формиран на 8

[75] Министерство за финансии (2005) „Национална стратегија за борба против перење на пари и финансирање на тероризам“, Скопје, стр.20

ноември 2011 година, со цел унапредување на меѓуинституционалната соработка. Советот почнал да функционира во 2012 година, а во него членуваат следниве државни институции и органи: Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии, Министерство за правда, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Управа за финансиска полиција, Царинска Управа, Народна Банка на Република Македонија, Управа за јавни приходи, Комисија за хартии од вредност, Агенција за супервизија на осигурување, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенција за пошти, Адвокатска Комора и Нотарска Комора. Советот има обврска да ја координира реализацијата на активностите планирани со Националната стратегија, да ја унапредува функционалноста на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и да предлага активности за зголемување на неговата ефикасност, да ја следи реализацијата на заклучоците усвоени од Владата на Република Македонија кои се однесуваат на унапредување на политиката за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот.

1.4.1 Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело

Законската регулатива која се занимава со проблематиката на перење пари во Република Северна Македонија се заокружува со донесување на Законот за спречување на перење пари, (Службен весник на РМ бр. 70/01 од 5 септември 2001) кој е донесен на седница на Собранието на РМ одржана на 29 август 2001 година, а стапува на сила на 13 септември 2001 година. Во продолжение ќе биде направена една ретроспектива на досега направените измени во однос на Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам и анализа на постоечкиот Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам.

Со овој закон се утврдуваат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари, како и организирањето и контролата за нивната примена. После двегодишната примена на овој закон произлегоа одредени недостатоци и неусогласеност со меѓународната регулатива, така што во 2004 година беше донесен Законот за спречување на перење пари и други приноси од

казниво дело (Службен весник на РМ бр. 46/04 од 20 јули 2004) усогласен со меѓународната регулатива. Со овој закон, се утврдуваат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и организирањето и контролата на нивната примена.

На 10 јануари 2008 година бил донесен нов Закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам (Службен весник на Република Македонија, бр. 4/08), кој стапил на сила на 18 јануари 2008 година. На 3 септември 2014 година бил донесен нов Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам (Службен весник на Република Македонија, број 130/14) кој стапил на сила на 11 септември 2014 година. Со овој закон се утврдуваат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари, поврзаните казниви дела и финансирањето на тероризмот и се утврдува надлежноста на Управата за финансиско разузнавање. Во 2014 и 2015 година повторно се прави измена и дополнување на Законот. На 26 јуни 2018 година бил донесен нов закон за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот (Службен весник на Република Македонија, број 120/18), со кој биле направени усогласувања со Директивата број 2015/849 на Европскиот Парламент и на Советот за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2015 година.

Следната година Собранието на Република Северна Македонија на 27 декември 2019 година направи дополнување на Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам.

Во 2020 година Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам на седницата одржана на 28 декември 2020 година (Службен весник на РСМ, бр. 317 од 31.12.2020 година).

Во Службен Весник на Република Северна Македонија број 151 од 4.7.2022 година објавен е Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам којшто Собранието го усвои на 71-вата седница одржана на 27 јуни 2022 година.

Со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам се уредуваат мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните органи и

тела ги преземаат заради откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам.

Мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам кои ги преземаат субјектите се однесуваат на: изготвување на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и нејзино редовно ажурирање; воведување и примена на програми за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам; анализа на клиентите - известување и доставување на податоци, информации и документација до Управата согласно со одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз негова основа; чување, заштита и водење евиденција на податоци; именување на овластено лице и негов заменик и/или формирање на оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам; спроведување на внатрешна контрола и други мерки кои произлегуваат од одредбите на овој закон.

Со новиот Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на РСМ'' бр.151/22), се редефинира опсегот на субјектите кои се задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, а како нови субјекти се воведени: лицата кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела, вклучително уметнички галерии или аукциски куќи и давателите на услуги поврзани со виртуелни средства.

Со донесување на законот до одреден степен се воспоставува регулација на крипто-сферата од аспектот на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам како едни од значајните ризици поврзани со "виртуелните средствата"[76] имајќи ги предвид нивните псевдо-анонимни односно целосно анонимни карактеристики со кои се овозможува одреден степен на анонимност на учесниците во трансакциите. Законското решение ги дефинираат поимите како „виртуелни средства" кои се подведуваат под дефиницијата на „имот", „даватели

[76] „Виртуелни средства" претставуваат дигитални записи на вредност или права кои може да се чуваат, тргуваат или пренесуваат по електронски пат со користење на технологија на дистрибуирано зачувување на енкриптирани податоци и записи или која било слична технологија и Службен весник на РСМ, бр. 151 од 4.7.2022 година

на услуги поврзани со виртуелни средства“[77], „паричници за виртуелни средства“, „криптомати“[78] и останати сродни термини од крипто-сферата.

Се прецизираат и усогласуваат со 5-та ЕУ Директива одредбите кои се однесуваат на вистинските сопственици, како и дугите прашања поврзазни со Регистарот на вистински сопственици;

Одредбите кои ги дефинираат засилените мерки на анализа кои субјектите треба да ги применуваат кога постои висок ризик и средно-висок ризик од перење пари или финансирање тероризам, како и случаите кога воспоставуваат прекугранични кореспондентски односи, кога лицето не е физички присутно за целите на идентификација, кога клентот е носител на јавна финкција, кога во деловниот однос или трансакција е вклучена високо ризична држава се прецизираат и усогласуваат со 5-та ЕУ Директива;

Се редефинира пристапот кон непрофитните организации, односно засилените мерки на анализа субјектите применуваат кон непрофитните организации кои се утврдени согласно националната проценка на ризикот, како и според спроведената проценка на ризикот кон определена непрофитна организација;

Се поширува бројот на субјекти кои доставуваат извештаи до Управата, односно давателите на услуги поврзани со виртуелни средства ќе ја известуваат Управата за размена на виртуелни средства и фиат валути или пари во износ од 1.000 евра, како и извршителите за извршени продажби со усно јавно наддавање и договори за продажба со непосредна спогодба со кои се стекнува право на сопственост на имот во вредност над 15.000 евра;

---

[77] „Давател на услуги поврзани со виртуелни средства“ е секое физичко или правно лице чија деловна и професионална активност се состои во вршење на една или повеќе активности или во давање на една или повеќе услуги поврзани со виртуелни средства за или во име на друго физичко или правно лице;Службен весник на РСМ, бр. 151 од 4.7.2022 година

[78] „Криптомат“ е автоматска машина, односно електромеханички уред преку кој давателот на услуга поврзана со виртуелни средства врши тргување, размена или пренос на виртуелни средства за законско средство за плаќање или за други виртуелни средства или обезбедува и други услуги во зависност од типот на криптоматот;Службен весник на РСМ, бр. 151 од 4.7.2022 година

Се прецизираат надлежностите на Управата за финансиско разузнавање, како и одредбите за соработката на Управата со други надлежни органи и единици за финансиско разузнавање на други држави;

Дополнително, предложените решенија ги унапредуваат дигитализираните процеси за работа, како и размена на информации и податоци да се одвива по заштитен електронски пат или преку Националната платформа за интероперабилност;

Прекршочните одредби од овој предлог се во согласност со Законот за прекршоци и воведуваат одвратувачки, адекватни и пропорционални казни за непочитување на одредбите од овој закон.

1.4.2 Инкриминација на перењето пари во Кривичниот Законик на РСМ

Ова кривично дело претрпе поголеми измени на законскиот опис на делото, при што се прошири криминалната зона на одговорност, со опфаќање на повеќе казниви дејствија. Со измените повеќе се зацврстува основната функција на делото, а тоа е попречување на внесување и легализирање во платниот промет на парични средства стекнати со извршување на казнено дело (без таксативно набројување на кривични дела). Во првиот дел од описот на делото се наброени облиците на извршување на кривичното дело и тоа: пуштање во оптек, примање, растурање, преземање, замена или раситнување пари од поголема вредност, а кои се стекнати од било кое казниво дело. Како посебни облици на делото, наброени се следните: конверзија, пренос или прикривање на потеклото на парите, прикривање на нивната локација, движење или сопственост на парите.[79]

Според членот 273 од Кривичниот законик на Република Македонија предвидено е дека како сторител на кривично дело „Перење пари и други приноси од казниво дело“ е:

Ст. 1 Тој што ќе пушти во оптек или промет, ќе прими, ќе преземе, ќе замени или ќе раситни пари или друг имот што ги прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со конверзија, пренос или на друг

[79] Криминал на злоупотреба на власта/Васко Стамевски.- Скопје 2018,ст.246

начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Ст. 2 Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што поседува или употребува имот или предмети за кои знае дека се прибавени со извршување на казниво дело или со фалсификување на исправи, непријавување на факти или на друг начин ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор, или ќе ја прикрие нивната локација, движење и сопственост.

Ст. 3 Ако делото е сторено во банкарско, финансиско или друго стопанско работење или ако со разделување на трансакцијата, сторителот ја избегнува должноста за пријавување во случаите определени со закон, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.

Ст. 4 Тој што ќе го стори делото од ставовите 1,2 и 3, а бил должен и можел да знае дека парите, имотот и другите приноси од казниво дело или предметите се прибавени со казниво дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Ст. 5 Тој што делото од ставовите 1,2 и 3 ќе го стори како член на група или друго здружение што се занимава со перење пари, противправно прибавување на имот или други приноси од казниво дело, или со помош на странски банки, финансиски установи или лица, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Ст. 6 Службено лице, одговорно лице во банка, осигурително друштво, друштво што се занимава со приредување игри на среќа, менувачница, берза или друга финансиска установа, адвокат, освен кога постапува како бранител, нотар или друго лице кое врши јавни овластувања или работи од јавен интерес, што ќе овозможи или ќе дозволи трансакција или деловен однос, спротивно на забраната изречена од надлежен орган или привремена мерка одредена од суд, или нема да го пријави перењето пари, имотот или 185 другите приноси од казниво дело за кое дознало во вршењето на својата функција или должност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Ст. 7 Службено, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластен субјект за примена на мерки и дејства за спречување на перење пари и други приноси од

казниво дело, што неовластено на клиент или на неповикано лице ќе открие податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејства за спречување на перење пари, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

Ст. 8 Ако делото е сторено од користољубие или поради користење податоци во странство, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку една година.

Ст. 9 Ако делото од став (7) на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Ст. 10 Ако постојаат фактички или правни пречки за утврдување на претходното казниво дело и гонење на неговиот сторител, постоењето на такво дело се утврдува врз основа на фактичките околности на случајот и постоење на основано сомневање дека имотот е прибавен со такво дело.

Ст. 11 Знаењето на сторителот, односно должноста и можноста да знае дека имотот е прибавен со казниво дело можат да бидат утврдени врз основа на објективните фактички околности на случајот.

Ст. 12 Ако делото од став 1 го стори правно лице , ќе се казни со парична казна.

Ст. 13 приносот од казниво дело се одзема, а ако одземањето не е можно од сторителот ќе се одземе друг имот што одговара на неговата вредност.[80]

Како што можеме да забележиме, најважен момент во законското битие на делото претставува постоењето на свест кај сторителот, односно дејствијата кои сторителот ги презема мора да ги преземе со намера да го скрие криминалното потекло на имотот и неговото движење. Значи мора да се докаже свесноста на сторителот за криминалниот извор на материјалните средства, за потоа преземаните дејствија да може да се поврзат со неговата намера за скривање на изворот. Ова само по себе претпоставува докажување на постоење на предикативно дело. Предикативно дело е законски забрането дејствије кое е или мора да биде содржано во друго кривично дело. Предикативното дело е поврзано со перењето пари доколку не се докаже предикативното дело – нема услови за кривично гонење за кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело. Токму

[80] („Службен весник на Република Македонија“ број 114 од 14.09.2009 година)

предикативното дело во пракса прави најмногу проблеми во однос на неговото докажување. Сепак, во овој контекст добро е да се истакне дека застареноста на предикативното дело не го спречува кривичното гонење за кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело.[81]

И нашето законодавство поаѓа од ставот дека мора да се докаже криминалното потекло на парите, а тоа значи докажување на постоењето на предикативното дело за потоа да може да се покрене кривично гонење за перење пари и други приноси од кривично дело.

И не само тоа, мора да се најде поврзаност помеѓу паричните средства стекнати со криминалната активност со „испраните" парични средства. Ова претставува сериозен проблем ако се знае дека најчесто криминалните приноси се помешани со легалните приноси, а тоа е еден од начините за прикривање на нивниот криминален извор.

Во нашиот правен систем се воспоставени низа механизми за спречување на перење пари и низа институции го следат секое движење на паричните средства и имотот остварен од физичко или правно лице и ги известуваат органите надлежни за прогон за сомнителни трансакции или можни неосновани стекнувања на имот.
Она што нè загрижува е токму фактот дека и покрај бројните органи кои имаат законски утврдена должност да вршат контрола, да следат сомнителни трансакции и редовно да ги известуваат органите на прогон за потенцијалните криминални активности за кои осознаваат во рамките на своите надлежности, и покрај тоа што органите за прогон редовно дознаваат за бројни можни криминални активности поврзани со перење пари, мал е бројот на судски пресуди за кривично дело перење пари и други приноси од казнено дело. [82]

За целите на ова истражување обезбедени се статистички податоци од Министерството за внатрешни работи, поточно од Годишните извештаи кои ги

---

[81] **Лидија ДАВКОВА ,ОТКРИВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ДРУГИ ПРИНОСИ ОД КАЗНИВО ДЕЛО ВО Р. МАКЕДОНИЈАстр.34**
[82] Исто. стр.35-36


објавува МВР, кои се однесуваат на сторителите на кривичното дело “Перење пари”.

Имено, во Годишниот извештај од Министерството за внатрешни работи, за 2019 година, се забележува тренд на зголемување на кривичните дела „перење пари и други приноси од казниво дело“ компаративно со претходните 5 години (2018, 2017, 2016, 2015 и 2014 година). Во 2019 година биле откриени 33 кривични дела, а пријавени биле 49 сторители.



Графикон 1: Движење на делата перење пари по години

Понатаму, во годишниот Извештај од Министерството за внатрешни работи за 2020 година, во точка 2.5. е наведено дека се откриени вкупно 11 сторители. Две од делата се откриени во рамки на сузбиена криминална група која била пријавена и за коруптивни злоупореби, за што биле пријавени четири сторители и едно правно лице.



Графикон 2: Кривични дела за перење пари



Графикон 3: Сторители на кр.д перење пари

Согласно со годишните извештаи што ги објавува Министерството за внатрешни работи, за 2021 година, во делот 2.6, за „перењето пари“ е забележано дека се регистрирани вкупно шест кривични дела „перење пари и други приноси од казниво дело“, за кои кривично биле пријавени 10 (11) сторители, што претставува опаѓачки тренд, компарирано со претходните три години.

1.5 Улогата на меѓународна регулатива за спречување на процесот перење пари

Перењето пари е негативна појава која се повеќе ја загрозува глобалната финансиска стабилност на државите и општеството. Перењето на пари се повеќе ги проширува своите граници, притоа користејќи ги процесите на глобализација, технолошка трансформација и европската интеграција. Од сите овие причини улогата на меѓународната регулатива и меѓународната заедница воопшто станува многу значајна за државите кои се засегнати од овој вид на криминал.

Во светот постојат повеќе меѓународни организации и работни групи кои се вклучени во борбата со перењето пари. Во принцип, тие организации и работни групи можат да се поделат на:

- Организации и групи што претежно се занимаваат со финансиски и супервизорски прашања (ММФ, Светска банка, Базелскиот комитет, ИОСКО-меѓународна организација за контрола врз работењето со хартии од вредност и ИАИС - меѓународна организација на супервизорите во сферата на осигурувањето)
- Организации и групи кои дејствуваат и во полето на превенцијата и во полето на репресијата во борбата против перењето пари (ФАТФ, различни регионални работни групи, ООН, Советот на Европа, Европската Унија, Организацијата на американските држави и Секретаријатот на комонвелтот);
- Организации и групи кои претежно се занимаваат со правни прашања, односно функционираат во сферата на репресијата во процесот на спречување на перење пари (групата Егмонт којашто е составена од оддели за борба против перењето пари - ФИУс и Интерпол). [83]

[83] Трајкоски, Г. (2011) Спречување на перење на пари кај финансиски институции, Академски печат, Скопје,стр.22

Република Северна Македонија ги има прифатено препораките од меѓународните правни тела и истите ги има имплементирано во казненото материјално и казненото процесно законодавство, како и донесување на посебни законски решенија и формирање на посебни државни органи и институции за сузбивање на економскиот криминал.

Реакцијата на Меѓународните тела кога станува збор за организираниот економски криминал станува поинтензивна преку усвојување на меѓународните документи и нивната имплементација во националните законодавства, развивање на меѓународната соработка, формирање институции за размена на информации и соработка во финансиското истражување.

Меѓународната заедница преку бројните меѓународни организации и тела постојано работи на донесување на меѓународни правни акти, преку коишто државите склучуваат договори и меморандуми за соработка во различни области за борба против криминалот.

1.5.1 Конвенција на ООН за борба против недозволената трговија со дроги и психотропни супстанции од 1988 година (Виенската Конвенција)

Виенската конвенција, чиј целосен назив гласи Конвенција на Обединетите нации против незаконскиот промет со опојни дроги и психотропни супстанци е усвоена од страна на ООН на 19.12.1988 година. Оваа Конвенција за првпат го постави проблемот со перењето на приносите од трговијата со дрога.

Виенската конвенција е донесена од следниве причини:

- ✓ големината и растечкиот тренд на незаконското производство, побарувачка и промет на опојни дроги и психотропни супстанциии;
- ✓ незаконскиот промет донесува голема финансиска добивка и богатство кое на транснационалните организации на криминалци им овозможува да влезат во структурата на власта, легитимниот деловен и финансиски свет и општеството на сите нивоа и да ги расипуваат и корумпираат;

- ✓ лицата што се занимаваат со незаконски промет треба да бидат лишени од добивката остварена со нивната криминална дејност, а со тоа да се отстрани и мотивацијата за вршење на таа дејност;
- ✓ искоренувањето на незаконитиот промет е колективна одговорност на сите држави и за таа цел е неопходна координирана акција во рамките на меѓународната соработка;
- ✓ значењето на јакнењето и зголемувањето на ефикасните законски средства за меѓународна соработка во областа на кривичното право врз спречувањето на меѓународните криминални активности на незаконски промет.

Виенската конвенција се однесува на репресивниот сегмент од процесот на спречување на перењето пари. Таа дава широко дефинирање и опис на нелегалните активности поврзани со трговијата со дрога и јасно ја наметнува потребата од криминализирање и санкционирање на тие активности. Со оглед на тоа што трговијата со дрога е проблем од меѓународни размери, Виенската конвенција дава насоки за јурисдикцијата на различните правни системи кои имаат ингеренции при гонењето на конкретни случаи на трговија со опојни дроги и психотропни супстанции. Многу битен момент регулиран со горенаведената конвенција е конфискацијата на приносите стекнати на предметите употребени во трговијата со дрога.[84]

Целта на оваа конвенција е да ја унапреди соработката меѓу страните потписнички така што да можат поефикасно да се борат против разните аспекти на незаконит промет на опојни дроги и психотропни супстанции, кој има меѓународна димензија. Таа дава препораки до националните законодавства за донесување на одредби со кои криминалците ќе се лишат од приносите на криминалните активности, со воведување на одредби за конфискација на криминалните приноси кои произлегуваат од недозволената трговија со дрога, или од други казниви дела.

Членот 1 од Виенската конвенција ја дефинира конфискацијата како лишување од сопственоста со одлука на судот или друг надлежен орган, давајќи

[84] Тасева, С (2003) „Перење на пари ", Скопје, стр. 55

дефиниција за сопственоста како имот од кој и дало вид,дали тој би бил подвижен или неподвижен, метеријален или нематеријален имот.

Во членот 3 од Конвенцијата особено се наведува обврската за инкриминација на перењето пари и листа на дела во врска со трговијата со дрога поврзани со перењето пари.

Во однос на докажувањето за потеклото на стекнатите финансиски средства или имот во Виенската конвенција постојат препораки кои се однесуваат на кривични дела со перење пари и дека треба товарот на докажување да остане кај осомничениот, со тоа што се дава можност на осомничениот да докажува дали стекнатите финансиски средства или имот се добиени на законски начин. Конвенцијата дава препораки на државите во своите законски решенија да предвидат утврдување на законското потекло на приносите од криминал или другите приноси подложни на конфискација.

Во членот 6 од конвенцијата перењето пари се карактеризира како тешко дело, за кое не постојат пречки за екстрадиција. Бидејќи перењето пари има меѓународни димензии со самото ратификување на конвенцијата и нејзината имплементација секоја држава која е потписничка треба перењето пари како тешко дело да го имплементира во своето национално законодавство, при што се исполнува основниот услов за екстрадицијата на осомничени сторители да истото дело.

Во членот 7 од Виенската конвенција се пропишани облици на взаемна правна помош, како што се: прибирање докази или искази од лица, врачување судски документи, претрес и одземање предмети, увид на предмети и локации, обезбедување информации и доказни предмети, обезбедување на оригинали или заверени копии на релевантни документи и евиденции, вклучувајќи банкарска, финансиска, комерцијална или деловна евиденција, идентификација или потрага за добивка, сопственост, предмети на делото или други предмети за цели на докажувањето.

Во однос на меѓусебната соработка со земјите потписнички во членот 9 се предвидува меѓусебно да соработуваат во согласност со своите домашни правни и управни системи, се со цел да ја зголемат ефикасноста во борбата за спречување од

правење прекршоци кои се утврдени во конвенцијата. Сета таа соработка ќе биде успешна врз основа на склучување на билатерални договори или мултилатерални спогодби помеѓу државите, при што ќе воспоставуваат врски со надлежните органи и служби, во врска со безбедна и брза размена на информации, и меѓусебно ќе соработуваат во спроведувањето на истраги кои имаат елементи на прекршоци кои се утврдени со конвенцијата.

1.5.2 Меѓународна конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Палермо Конвенција)

Конвенцијата од Палермо е донесена во 2000 година. Нејзина цел е да ја унапреди и да ја направи поефикасна соработката меѓу земјите заради превенција и борба против транснационалниот организиран криминал.

Она што Конвенцијата од Палермо ја прави прв сеопфатен меѓународен документ од ваков вид се и посебните одредби што се однесуваат на заштитата на сведоците. Овие одредби се однесуваат на жртвите на казнивите дела, како и на лицата коишто учествувале во активностите на организираните криминални групи.[85]

Дел од оваа Конвенција е посветен и на полициската соработка помеѓу одделните земји, како и на обуката и техничката помош за полицискиот персонал. Со Конвенцијата од Палермо им се препорачува на земјите членки на ООН, во согласност со фундаменталните принципи на нивното национално право, да ги намалат можностите организираните криминални групи во иднина да учествуваат на легални пазари со приноси од криминал, преку соодветни правни, административни и други мерки.

Конвенцијата од Палермо прави значаен исчекор во членот 27 во унапредувањето на соработката на полициските и другите органи задолжени за спроведување на законот (Law enforcement agencies). Тоа се одреди за полициската соработка, како и на соработката на други надлежни ооргани, агенции или служби за превенција и откривање на перењето пари. Се предвидуваат обврски спрема

[85] Трајкоски, Г. (2011) Спречување на перење на пари кај финансиски институции, Академски печат, Скопје,стр.42

државите да усвојат ефикасни мерки за зајакнување и востановување канали на соработка и брза размена на информации во врска со перењето пари и другите дела опфатени со конвенцијата, како и за соработка во водењето истраги.

Во член 12 од конвенцијата определено е воведување на мерки во врска со конфискацијата и запленувањето на приносите од криминал стекнати со казнивите дела опфатени со оваа Конвенција или имотот, во вредност којашто кореспондира со таквите приноси. Предвидени се мекри кои државите-потписнички треба да ги донесат за да се овозможи идентификација, потрага, смрзнување или запленување на секој предмет, кој што може да подлежи на конфискација.

Се става акцент на тоа да со закон биде овозможено правото или обврската на осомниченият да го докажува законското потекло на приносите од криминал или потеклото на друг имот подложен на запленување и конфискација.

Во членот 18 од Конвенцијата се даваат препораки за заемната правна помош како доста значаен аспект во меѓународната соработка со тоа што треба да се унапреди правната помош во однос на истрагите, гонењето и во правосудните процедури во врска со сериозните казниви дела, меѓусебната правна помош да биде дозволена што е можно до повисок степен според надлежните закони. Заемната правна помош, може да биде дозволена кога ќе се бара за некоја од следниве цели: за да се обезбеди сведочење или докази од лица; како ефикасна помош за правосудните документи; заради пребарување, запленување и смрзнување; заради пребарување на места и на објекти; за да се обезбедат информации, евиденциски прашања (и експертски проценки); за да обезбедат оригиналите или заверените копии од релевантните документи и записници, вклучувајќи ги и државните, банкарските, финансиските, корпорациските или бизнис - записниците; за да се идентификуваат или да се пронајдат приносите од криминал, имотот, предметите или другите работи - со цел да се евидентираат.

Препораки за импементација на специјалните истражни техники во националните законодавства се дадени во членот 20 каде се предвидува и скучување на билатерални и мултиратерални договори за примена на овие мерки во контекст на меѓународната соработка со почитување на принципот на суверенитет и еднаквост на државите.

Во членот 31 од Конвенцијата се става акцент на превенцијата на организираниот транснационален криминал. Се предвидува зајакнување на капацитетите со соодветна кадровска и техничка опременост, како и јакнење на стручноста на персоналот во водењето на истрагите и воспоставување на меѓународната соработка на давање помош и подршка од размена на информации, помош и подршка во обезбедување на докази со спроведување на истражни дејствија, но и примена на специјални истражни мерки како добар метод за обезбедување на докази кои не може да се обезбедат со примена на традиционалните истражни мерки и дејствија. Посебно се укажува на потребата од зајакнување на техничките капацитети на институциите, како и неопходноста за помош и подршка на државите во транзиција како ранливи подрачја каде транснационалниот организиран криминал зазема се позначајно место и претставува опасност за развој на демократијата.

1.5.3 Конвенција на Советот на Европа од 1990 за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотната корист прибавена со кривично дело (Стразбуршката Конвенција)

Стразбуршката конвенција претсавува надополнување на претходните меѓунардни конвенции и во теоријата е оценета како акт што има потенцијал да ја "револуционализира" меѓународната активност во спречувањето на криминалот. Со оваа Конвенција се поставува целосен систем на правила според кои треба да се води постапката од моментот на првите мерки и дејствија до целосно завршување на кривичниот случај со конфискација на криминалните приноси. Конвенцијата содржи флексибилни, но и ефикасни механизми за меѓународна соработка.[86]

Преамбулата на Стразбуршката конвенција дава објаснување дека конфискацијата претставува модерен и ефикасен метод во борбата против тешките кривични дела. Во оваа Конвенција не се ограничуваат приносите од казниво дело само на криминалот со злоупотреба на дроги, туку се проширува листата и на

[86] Николоска С. , *Перење пари – криминолошки, криминалистички и кривично – правни аспекти, рецензиран труд,* Факултет за безбедност Скопје, 2014, стр. 76

други казниви дела од кои што криминалците се стекнуваат со значително големи приноси стекнати преку вршење на криминални дела.

Една од позначајните цели на Конвенцијата е олеснување на меѓународната соработка кога е во прашање истрагата, запленатa и конфискацијата на приносите стекнати од било каков криминал.

Стразбуршката конвенција ги подобрува одредбите, дефинирајќи ја конфискацијата како казна или мерка изречена од страна на судот по спроведената постапка за извршено казнено дело, што се состои во одземање на имотот. Конвенцијата го дефинира и поимот на принос (од казнено дело) како секоја имотна корист прибавена со казненото дело, што може да се однесува на секој имот, додека поимот на имот е дефиниран како имот од било каков вид, подвижен или неподвижен, како и правни акти или документи кои се доказ за носителот или правото на имотот. Дефиниран е и поимот на средство (инструмент) како предмет употребен или наменет за употреба на било кој начин, во целина или делумно, за да се изврши едно или повеќе казнени дела. Конвенцијата налага обврска за усвојување на законодавни и други мерки неопходни за овозможување да се изврши конфискација на средствата (инструментите) и приносите (од казнени дела) или имотот чија вредност одговара на таквите приноси .

Со Стразбуршката конвенција се настојува државите-потписнички да ги унапредат своите системите за конфискација. Така во членот 3 од Конвенцијата се пропишува дека секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки, кои ќе и бидат неопходни за да овозможат конфискација на средствата и приносите прибавени со казниви дела. Во членот 4 кој се однесува на истражни и привремени мерки се наведува дека секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки, што ќе овозможат брза идентификација, потрага, замрзнување или запленување на имотот кој подлежи на конфискација. Членот 9 од Конвенцијата се однесува на казниви дела-перење пари, кој предвидува секоја страна да усвои законодавни и други мерки кои ќе бидат неопходни за да се востановат како кривични дела во домашното законодавство, кога тие се извршени со умисла.

Стразбуршката конвенција додава важни механизми на меѓународна соработка, што се однесуваат особено на извршувањето на привремените мерки,

истражната постапка и соработката на управните и полициските органи и специјализираните агенции. Обврската за давање меѓусебна помош е поставена врз мошне широка основа, при што не се врши никаква диференцијација меѓу судска и друга помош: страните се согласуваат, врз основа на барање, на најширока можна меѓусебна помош за идентификување и откривање на предметите на делото, имотната корист и другиот имот, подобен за конфискација. Предвидена е и можноста, за првпат во една меѓународна конвенција, за доброволно доставување на информации потребни за истрагата или постапката на друга држава и без нејзино претходно барање. Конвенцијата содржи и одредби за одлагање на соработката, известување и заштита на правата на трети лица. Особено е важен исчекорот направен во соработката на полициските и управните органи, како што е востановувањето на можноста за непосреден контакт меѓу полициските или управните органи кога се работи за барање што не содржи принудни мерки. Заради олеснување на соработката, конвенцијата налага обврска за определување на еден централен орган или, по потреба повеќе органи, преку кои се доставуваат барањата за правна помош до друга држава или истите се извршуваат или доставуваат до надлежните органи на замолената држава. Предвидена е, исто така, директна комуникација помеѓу централните органи, со што е избегната сложената и често долга процедура на доставување на барањата по дипломатски пат, со тоа што во итни случаи барања и известувања може да бидат доставени директно од или до правосудни органи, вклучувајќи го и јавното обвинителство, или со посредство на Интерпол. Заради олеснување на комуникацијата, исто така, дозволено е покрај во писмена форма, барањата да се доставуваат и преку било кои современи средства на телекомуникација, телефони и факсови. Значајни се и одредбите за содржината на барањето, доставувањето на информации.

1.5.4 ФАТФ (Financial Action Task Force - FATF)

Доста значајна институција во рамките на меѓународната регулатива се и препораките од ФАТФ. Имено, ФАТФ (Financial Action Task Force - FATF) е организација која се создала од страна на седумте најразвиени земји Г-7 на

Самитот во јуни 1989 г. Оваа Оперативна група против финансиските дејствија на перење пари се создала како резултат на фактот што перењето пари зеде таков замав што почна да претставува сериозна закана за финансиските системи низ целиот свет. ФАТФ не е постојана меѓународна организација, ниту тело кое усвојува правно обврзувачки конвенции, туку ад хок групирање на влади и други субјекти околу една единствена, но сложена точка: развивање и следење на конвергентни и сеопфатни стратегии на борба против перењето пари, засновани врз меѓународна соработка, при што истовремено се уважуваат барањата за јакнење на ефикасноста на финансискиот систем и барањата за слобода на вршење на легалните финансиски трансакции.[87]

Денес ФАТФ се состои од претставници на 31 земја и две меѓународни организации: Европската Унија и Заливскиот кооперативен совет. Основна цел на делувањето на ФАТФ е развој и промовирање на соодветни политики за борба со перењето пари. Основа за постигнување на оваа цел претставува процесот на имплементирање на препораки кои се објавени во извештајот на ФАТФ. Овие препораки треба да овозможат:[88]

- Усовршување на националните системи за борба против перењето пари во согласност со Виенската конвенција. Тоа значи дека е потребно да се изврши криминализирање на перењето пари во сите негови аспекти, дури и кога криминалните активности не се поврзани со трговијата со дрога, како и воспоставување ефикасни процедури за конфискација.
- Зајакнување на улогата на финансискиот систем во поширока смисла, односно зајакнување на улогата на банките и небанкарските финансиски институции. Препораките на ФАТФ заедно со Базелските принципи треба да овозможат креирање процедури во финансиските инситуции во поглед на идентификацијата на комитентите, откривањето на неоправданите и

[87] Дирекција за спречување на перење на пари (2014) „Стратегија за управување со перење на пари", Скопје, стр.212
[88] Трајкоски, Г. (2011) Спречување на перење на пари кај финансиски институции, Академски печат, Скопје, стр. 45

сомнителни трансакции, како и развојот на безбедни и модерни механизми на извршување на трансакциите.

- Зајакнување на меѓународната соработка, и тоа на административно и судско ниво. Соработката на административно ниво се одвива преку размена на информации за меѓународните парични текови. Соработката на судско ниво се одвива преку поттикнување и развој на заедничко делување во процесите на истрага, конфискација и екстрадиција.

Препораките на ФАТФ може да се поделат во неколку групи:

Во **првата група** влегуваат препораките насочени кон усовршување на националните правни системи, криминализација на перењето пари и донесување соодветни закони за конфискација и релевантните привремени мерки.

Втората група на препораки се однесува на специфичните мерки, кои ја артикулираат стратегијата за ангажирање на финансискиот систем во борбата против перењето пари. Препораките поаѓаат од ставот дека финансиските институции се клучниот елемент во откривањето на илегалните трансакции, со оглед на нивната уникатна функција во платниот систем на земјите и во собирањето и трансферот на финансиските средства. Како основни начела се афирмирани следниве:

- ✓ Познавање на клиентот (обврска за идентификација);
- ✓ Законитост и етичност во постапувањето на банките и другите финансиски институции и одбивање на услуги за кои постои сомневање дека се поврзани со перење пари;
- ✓ Соработка со управните органи и внатрешни програми на едукација;
- ✓ Примена на посебни постапки за идентификација и водење на интерни досиеја за трансакциите.

Третата група на препораки се однесува на олеснувањето на меѓународната комуникација помеѓу управните органи и обвинителства и финансиските регулаторни и надзорни органи, особено во областите на соработка при заплена и конфискација, правна помош во казнени работи и екстрадиција. Како и одредбите на Виенската конвенција, Препораките на ФАТФ изречно ја апострофира потребата

меѓународната соработка да добие подршка од мрежа на билатерални и мултилатерални договори и аранжмани базирани врз општоприфатени правни концепти, со цел за развивање на најширок можен обем на заемна помош. Со овие препораки кореспондира усвојувањето на Стразбуршката конвенција. Цел на препораките е и создавање услови за подобра размена на информации за сомнителни трансакции и за проширување на сознанијата за меѓународните текови на нарко-парите, особено готовина.

На заседанието на ФАТФ од 2001 година се усвоени Осумте специјални препораки за финансирањето на тероризмот. Со овие препораки мандатот на ФАТФ се проширува со редефинирање на неговата улога од тело кое се занимава со превенција на перењето пари и други криминални приноси во тело што покрај тоа, се преокупира и со употребата на криминалните приноси за финансирање на терористички активности. Со препораките се бара:

1. Итно ратификување и примена на релевантните инструменти на ООН (Препораката 1), која се однесува поконкретно на Конвенцијата на ООН за сузбивање на финансирање на тероризмот од 1999 година и петте резолуции на Советот за безбедност посветени на ова прашање);
2. Инкриминирање на финансирањето на тероризмот, терористичките акти и терористичките организации (Препорака 2);
3. Замрзнување и конфискација на средствата и приносите од тероризам (Препорака 3);
4. Известување за сомнителни трансакции поврзани со тероризам (Препорака 4);
5. Проширување на подрачјето на заемната помош со други држави по однос на истрагите за финансирање на тероризмот (Препорака 5);
6. Преземање на мерки за спречување на перење пари во алтернативните системи на платен промет (Препорака 6);
7. Зајакнување на мерките за идентификација на клиентите во меѓународното и домашното електронско плаќање (Препорака 7); и
8. Преземање мерки за спречување на злоупотреба на ентитети, особено непрофитни организации,за финансирање на тероризмот (Препорака 8).

1.6 Улогата на Европското јавно обвинителство-ЕЈО во процесот на заштита на финансиските интереси на ЕУ

Поради проценките дека од европскиот буџет просечно на годишно ниво се одлеваат околу 500 милиони евра, поради најразлични злоупотреби и измами, Европската комисија одлучи за основа канцеларија на Европски јавен обвинител. Формирањето на Европското јавно обвинителство претставува клучен фактор на Европската Комисија во областа на стратегијата за борба против измами врз европските пари. После долгогодишните предлози,иницијативи и дискусии, правната основа за создавање на ЕЈО е постигната со Договорот од Лисабон од 2007 година. За предлогот на регулативата за основање поднесен во 2013 година се расправаше четири години, а истата беше усвоена во Советот за правда и внатрешни работи на 7 јуни 2017 година. Институцијата конечно почна со работа на 1 Јуни 2021 година. Институцијата се состои од Централно биро во Луксембург, каде работат европски обвинители, и децентрализирано ниво, од друга страна, со делегирани европски обвинители во земјите членки.

Европското обвинителство овозможува брза размена на информации, координирани полициски истраги, брзо замрзнување и конфискација на средства, како и апсење на осомничени лица. Обвинителството соработува со Агенцијата за криминална правда на ЕУ и со канцеларијата за борба против измама ОЛАФ, за да обезбедат успешното гонење и наплата на средствата, изгубени преку измами.

Надлежноста која ја има ЕЈО е за кривични дела поврзани со средства на Европската Унија пропишани во правото на ЕУ (со Директивата за заштита на финансиските интереси на ЕУ), поточно: измама во врска со расходите и приходите на ЕУ, вклучувајќи прекугранична измама на ДДВ со штета од најмалку 10 милиони евра, проневера на средства на ЕУ, перење пари и организиран криминал, како и други поврзани дела, при што казниви се и поттикнувањето, помагањето или обидот. Покрај Европскиот јавен обвинител клучна улога имаат и делегираните јавни обвинители од секоја држава учесничка, кои ја споведуваат истрагата во нивните држави.

"Благодарение на Европското обвинителство, кое ќе ги обедини напорите на националните обвинителства во еден европски орган, ќе се справиме со недостатоците на некоординирани национални истраги на мамењето со средства на ЕУ. Се надевам дека во иднина овластувањата на Европското обвинителство ќе бидат проширени и до прекугранични злосторства како тероризам и трговија со луѓе", коментира известувачот на Европарламентот Барбара Матера.

1.6.1 Примери од регионот за спроведени истраги од страна на Европското јавно обвинителство и Европската агенција за борба против корупција–OLAF

За својата работа ЕЈО објавува годишни извештаи, во кои што е прикажа работата на институцијата, по земји. Во годишниот извештај кој го објави ЕЈО во 2022 година големо внимание привлече Хрватска како земја од регионот, по отворени истраги од страна на ЕЈО. Па така, во извештајот се наведува дека Европската канцеларија на јавниот обвинител во 2022 година има покренато истрага за 23 постапки, поради сомнение за измама со парите на ЕУ, во вредност од 313,6 милиони евра. Како што се наведува во извештајот, главно се работи за истраги поврзани со злоупотреба на ЕУ фоновите, манипулации со јавни набавки и корупција. Во извештајот се наведува дека подигнати се осум обвинениja, а судовите донесле шест правосилни пресуди. По налог на ЕЈО, во текот на 2022 година блокиран е имот во вредност од 400.000 евра.

Во извештајот е наведено дека се водат шест постапки во Хрватска поради злоупотреба на средства од Европскиот фонд за земјоделство и рурален развој. Уште седум се поврзуваат со пари наменети за регионален развој. Двата случаи се однесуваат на средства од кохезискиот фонд, еден на средствата наменети за обнова и отпорност, додека еден се однесува на средствата за дигитализација, мобилност и енергетика.Пример од соседството е исто така предметот против

поранешната хрватска министерка за фондови на ЕУ и уште тројца нејзини колеги, како и две компании, за проневера на 1,2 милиони евра од европските средства. Еден од позначајните предмети на ЕЈО е за организирана криминална група за избегнување даноци во вредност од 23 милиони евра во Чешка, Романија и Словачка.

Пред отпочнувањето со работа на ЕЈО, Европската канцеларија за борба против измами со фондовите на ЕУ (European Anti-Fraud Office – OLAF) исто така има отворено голем број истраги. Така во 2019 година OLAF има покренато 223 истраги поради различни видови на злоупотреби, нерегуларности и ненаменско трошење на пари од европските фондови. Во извештајот од 2019 година на врвот на листата на OLAF е Романија, со 11 отворени истраги во 2019 година, потоа следи Италија со девет, Грција, Полска и Бугарија имаат по седум, додека во Хрватска се отворени три истраги.

Во годишните извештаи кои ги има објавувано OLAF се наведува дека Романија, Бугарија и Унгарија се земји кои сториле најголеми измами со ЕУ парите.

Најмногу измами се забележуваат главно кај земјоделските субвенции и помагање на сиромашните региони.

Еден од примерите е доделување на 1,3 милиони евра за модернизација на фабрика за замрзнат зеленчук во Бугарија. Истрагата покажала дека давателот на новата технологија и сопственикот на фабриката е ист човек кој ги зголемил цените на потребните работи за модернизацијата на работилницата.

Во друг случај, Европската канцеларија за борба против измами со фондовите на ЕУ - OLAF ја обвинува Бугарија дека има злоупотребено европски пари, и дека во целиот случај станува збор за класична измама и лично богатење.

Во случајот станува збор за добиени шест милиони евра што се употребени за купување теренски возила за потребите на бугарското министерство за

внатрешни работи и за бугарската полиција. Бугарија ја известила Европската комисија дека побарува грант (неповратни средства), објаснувајќи дека купува стари возила (веќе користени и употребувани). Но,Бугарија со грантот купила 350 сосема нови возила, злоупотребувајќи ги на тој начин условите под кои може и под кои се добиваат неповратни средства од европските фондови.

1.6 Национална стратегија за борба против перењето пари и финансирање тероризам 2021-2024 на РСМ

За целите на зајакнување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам досега беа подготвени и реализирани четири стратешки документи.[89] Како последица на потребата за продолжување и насочување на динамиката на унапредување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Република Северна Македонија, подготвена е стратегија за борба против перењето пари и финансирање тероризам.Стратегијата претставува стратешки документ, кој на среден рок ги рангира приоритетите и ги дефинира активностите кои треба да го унапредат системот за спречување на перење пари и финансирање тероризам во Република Северна Македонија. Целите и активностите планирани во оваа стратегија се кохерентни со активностите предвидени со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, другите стратешки документи усвоени од Владата на Република Северна Македонија и се во континуитет со досега реализираните активности.

Стратегијата утврдува сеопфатен комплекс на активности, со обврска за реализација на сите релевантни институции во насока на надминување на утврдените слабости и недостатоци заради унапредување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Република Северна Македонија. Стратегијата е изготвена со примена на пристапот базиран на ризик утврден согласно Извештајот за спроведената национална проценка на ризик од

[89] Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2005 - 2008), Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2009 - 2011), Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2012 - 2014) и Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2017 - 2020)

перење пари и финансирање тероризам, како и имплементација на Препораките на ФАТФ и одредбите на релевантните ЕУ Директиви[90] , а со крајна цел зголемување на степенот на ефикасност на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на национално ниво.

Активностите утврдени со оваа стратегија треба да бидат имплементирани од субјектите задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање тероризам, органите на надзор, Управата за финансиско разузнавање, како и органите надлежни за гонење на сторителите на кривични дела перење пари и финансирање тероризам.

Стратешката цел ќе биде постигната преку реализација на 15 посебни цели и дефинирани мерки и активности пропишани со Акциониот план кој е составен дел на оваа Стратегија. [91]

Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам формиран согласно Законот е надлежен да ги следи и координира активностите за спроведување на оваа стратегија во насока на исполнување на утврдените цели, да ја унапредува функционалноста на системот и да предлага активности за зголемување на неговата ефикасност. За своето работење членовите на Советот подготвуваат квартални извештаи кои ќе бидат разгледувани на состаноците, кои ќе се одржуваат најмалку на квартална основа, а до Владата ќе се доставува годишен извештај.

ЗАКЛУЧОК

Современото живеење и развојот на општеството сами по себе носат големи предизвици во однос на справувањето со криминалитетот во најопшта смисла. Имено, современото живеење предизвикува појава на нови облици на криминал,

[90] ЕУ Директивата 2015/849 и ЕУ Директива 2018/ 843
[91] Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам 2021-2024

односно модификација на веќе постоечките форми на криминални дејствија. Така организираниот криминал, економскиот криминал, перењето пари се издвојуваат како најактуелни форми на криминал во современото живеење. Предизвикот за спречувањето, откривањето и санкционирањето на сите видови криминал го имаат надлежните институции во границите на една држава, но се разбира голем удел има и меѓународната заедница која се повеќе се соочува со предизвиците за сузбивање на секаков вид на криминал. Како што веќе беше споменато, мора да се заклучи дека меѓународната полициска соработка е најзначајната област и основна алка, без која не може да се придонесе во сузбивањето и намалувањето на криминалот.

Имено, за успешна меѓународна полициска соработка неопходно е превземање на низа чекори на билатерален и мултилатерален план. Ова подразбира активна комуникација на политичарите во градењето на ефикасна меѓународна полициска соработка, надминување на разликите, градење на меѓународни стратегии, склучување на меѓународни договори. Според гледиштата на многу автори може да се заклучи дека меѓународната полициска соработка е основна алатка преку која државите имаат меѓусебна соработка, можност за постојано проширување и усовршување на правните инструменти во борбата со криминалот. За успешно спроведување на меѓународната полициска соработка постојат тела кои се јавуваат како субјекти во таа соработка. Најзначајната улога во меѓународната полициска соработка ја има ЕВРОПОЛ. Европол е значајна институција во рамките на меѓународната заедница која представува главен центар на информации, а во исто време нуди и оперативна подршка и дава развојни решенија на европската заедница. Основните цели и приоритети на Европол се да нуди оперативна подршка, со своите активности да придонесе за безбедноста на Европа, со своите алатки и методи да обезбеди полесен пристап за размена на информации, како и да помогне во прекуграничните истраги и координација во оперативното делување.

Република Северна Македонија ја има официјализирано својата соработка со Европол со потпишувањето на договорот за стратешка и оперативна соработка во 2011 година. Целта на овој договор е зајакнување на оперативната и стратешка

соработка, преку која се одвива трасферот на информации кои служат за прекуграничните истраги. Соработката со Европол резултираше и со отварање на одделение на Европол во Република Северна Македонија, преку кое се одвива соработката, се врши координација и размена на информации меѓу Европол и меѓународните надлежни институции. Друг начин преку кој се одвива меѓународната полициска соработка е Европравда. Таа е агенција во рамките на европската заедница која е создадена со цел да дава подршка и координација во текот на различните фази на прекуграничните кривични истраги. Европравда им нуди на земјите голем број на алатки, што значат олеснување во борбата против прекуграничниот и сериозен криминал.Тие инструменти овозможуваат пренесување на докази од една во друга држава, предавање на осомничени лица заради издржување казна затвор или за кривично гонење. Како инструменти кои ги нуди Европравда се: Европскиот налог за апсење, Европскиот налог за истраги, формирање на заеднички истражни тимови, кои се доста значајни за земјите кои водат прекугранични кривични истраги.Соработката меѓу Република Северна Мкедонија и Еворопавда се одвива преку обвинител за врски. Постојат повеќе механизми кои им стојат на располагање на обвинителите за врски преку кои се обезбедува бараната помош. Главната улога во врска со меѓународната полициска соработка за дела поврзани со злоупотреба на финансиските интереси на ЕУ во Република Северна Македонија ја има одделението за координација за борба против измами со европските пари или АФКОС. Ова одделение има значајна улога во координацијата на активностите, олеснување на на соработката и размената на информациите. Во исто време предлага и стратегии за заштите на финансиските интереси на ЕУ. Во рамките на ЕУ постои канцеларија за пробра против измами, која што исто так представува важен механизам за откривање и гонење на сторителите на кривични дела кои прават штета на финансиските интереси на ЕУ. При министерството за финансии на Република Северна Македонија постои ситем за управување со неправилности, кој ја има главната улога да ја известува ЕУ за неправилностите или за измамите кои прават штета на ЕУ средствата. Кога станува збор за кривични дела кои се извршуваат на штета на финансиските интереси на ЕУ, мораме да заклучиме дека станува збор за организирани криминални групи кои

многу вешто успеваат да поминат преку законските правила и норми. Огранизираниот криминал е комплексно сложена појава која успева да се пробие низ сите области на современото живеење.

За организираниот криминал постојат многу дефиниции и гледишта на многу автори, но најопшто прифататено е дека организираните криминални групи имаат единствена цел за стекнување профит и моќ за владеење со нелегални и незаконски активности. Во ова истражување акцент беше ставен на организираниот економски криминал, односно на кривичните дела кои се поврзуваат со злоупотребата на јавните фондови кои ги нуди ЕУ. ЕУ на зејјите членки и на земјите кандидати за членки им нуди широк спектар на фондови преку кои се обезбедува поддршка во политиките на земјите за остварувбање на нивните стратепки цели. Главниот инструмент кој го нуди ЕУ на земјите е инструментот за предпристапна помош или ИПА. Преку овие фондови ЕУ помага во остварувањето на стратешките и економските политики на земјите кориснички на фондовите. При користењето на овие фондови многу често доаѓа до злоупотреба на истите, со цел обезбедување на лични профити и заобиколување на законските норми за правилно искористување на истите. Како сторители на овие неправилности кои негативно влијаат на финансиските интереси на ЕУ може да се јават економските оператори, претставници на земјите кориснички на овие фондови, официјални представници на ЕУ и други субјекти. Во Република Северна Македонија неправилностите кои одат на штета на финансиските интереси на ЕУ дефинирани се во Кривичниот Законик на РСМ. Во однос на откривањето на неправилностите постојат активности и техники кои се користат за идентификација на случаи кои водат до сознанија дали постојат неправилности или измами при користењето на ЕУ фондовите. Неправилностите може да се откријат преку неколку нивоа, како на пример во рамките на системот за управување и контрола со фондовите на ЕУ, преку ревизорското тело за ревизија на ИПА, контрола и ревизија ос страна на Европската Заедница, Европската канцеларија за спречување измами (ОЛАФ).

Во РСМ заштитата на финансиските интереси на ЕУ е регулирана преку повеќе закони, како што се Кривичниот Законик, Законот за јавна внатрешна контрола, Рамковна спогодба меѓу Владата на РСМ и Комисијата на Европската Заедница за правилна соработка во врска со финансиската помош на Европската Заедница кон РСМ, меморандуми за соработка за заштита, откривање и истраги за нерегуларности и многу други акти и закони. Организираните криминални групи своите незаконски активности најчесто ги спроведуваат со цел стекнување на профит. Имено, оттука почнува и поврзаноста на огранизираниот криминал со кривичното дело перење пари. Перењето пари во најопшта смисла представува процес на прикривање на потеклото на парите или имотот стекнати впреку криминални дејствија. Карактеристично за процесот на перење пари е тоа што овој процес поседува комплексно влијание врз секојдневниот живот на обичните луѓе. Бидејќи современите техники на перење пари представуваат сериозна закана за финансискиот систе, неопходно е добра институционална поставеност за ефикасна борба против овие криминални дела. Може да се заклучи дека процесот на перење пари е тесно поврзан со злоупотребите и измамите кои се сторуваат на товар на ЕУ фондовите. Во РСМ како најважни институционални структури кое се одговорни за спречување кривични дела и злоупотреви се: Министерството за внатрешни работи, одделот за организиран криминал, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Царинската Управа, Финансиската полиција, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи, Државниот завод за ревизија и други. Од областа на законодавството, во РСМ усвоени се повеќе закони кои ги регулираат превенцијата, откривањето и санкционирањето на сторителите на кривичните дела кои се поврзани со злоупотреба на јавните фондови на ЕУ, како и перењето пари кое настанува како резултат на тие злоупотреби. Како такви закони може да се издвојат: Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело, Законот за трговски друштва, Законот за банки, Законот за девизно работење, Законот за кривична постапка, Кривничниот законик и други. Во Законот за спреќување на пари и други приноси од казниво дело се утврдени мерките и дејствијата за откривање и спречување на далата на перење пари. Овој закон има претрпено повеќе измени, постојано се

надоградува и усовршува, при што се проширува бројот на субјекти на кои им се дава надлежност да дејствуваат против кривичните дела.

Бидејќи сторувањето на кривични дела добива се поголеми меѓународни димензии, улогата на меѓународната заедница и нејзината регулатива е многу значајна во процесот на сузбивање на криминалитетот воопшто. Во рамките на меѓународната заедница постојат бројни меѓународни организации и тела кои постојано работат на донесување на меѓународни правни акти, преку коишто државите имаат можност за склучување на договори и меморандуми за соработка во различни области. Како едни од позначајните меѓународни правни акти може да се издвојат: Конвенцијата на ООН за борба против недозволена трговија со дрога и прихотропни супстанции од 1988 година (Виенска Конвенција), Меѓународна Конвенција на ООН против транснационален организиран криминал од 2000 година (Палермо Конвенција), Конвенција на Советот на Европа од 1990 година за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело (Стразбуршка Конвенција), Препораките на ФАТФ и многу други. Една од најважните институции во процесот на заштита на финансиските интереси на ЕУ е улогата на Европското јавно обвинителство. Оваа институција овозможува брза размена на информации, обезбедува координирани полициски истраги, брзо замрзнување и конфискација на средства и имот, како и апсење на осомничени лица заради кривично гонење. Обвинителството соработува со Агенцијата за криминална правда на ЕУ и со канцеларијата за борба против измами ОЛАФ, за да обезбедат успешно гонење и наплата на средствата, изгубени преку измами и злоупотреби. Благодарение на основањето на ЕЈО и работата на ОЛАФ покренати се многу истраги под сомнение за сторени кривични дела на штета на европските пари. Во годишните извештаи кои ги објавува ЕЈО содржани се истраги за држави кои сториле измами со парите на ЕУ. Во 2022 година ЕЈО има покренато повеќе истраги, од кои најголемо внимание привлече Република Хрватска, како земја од регионот. Податоците од извештаите говорат дека главно се работи за истраги поврзани со злоупотреба на ЕУ фондовите, манипулации со јавни набавки и корупција. Од анализата на извештаите се заклучува дека најголем дел од

истрагите се однесуваат на злоупотреби на фондови кои се наменети за земјоделски субвенции, рурален развој и помагање на сиромашни региони.

На крајот може да се заклучи дека улогата на меѓународната соработка има важна улога во откривањето, спречувањето и санкционирањето на сторителите на кривинчи дела кои негативно влијаат на политиките и развојот на државите. Пред се добрата оранизациона поставеност на надлежностите на институциите игра важна улога во координацијата на истрагите, за брзо и ефикасно спроведување на истите. Со оглед на тоа што европската заедница нуди широк спектар на можности за соработка со земјите, истите можности треба многу вешто да се искористат од страна за земјите со цел поефикасна и поусшешна борба со криминалот. Имено, бидејќи светот постојано се соочува со унапредување на модерната технологија, институциите и телата кои ги имаат надлежностите за спречување на криминалот треба постојано да ги следат трендовите на модернизација на технологијата, бидејќи криминалните групи многу вешто ја користат истата за сторување на кривични дела и заобиколување на законските регулативи. Во таа насока потребно се постојано надополнување на веќе постоечките законски правни акти, донесување на протоколи, проширување на надлежностите кои ги имаат институциите и секако зголемување на казните за сторителите на кривичните дела, со цел превентивно делување за сузбивање на криминалните дејствија.

КОРИСТЕНА ЛИТАРАТУРА

1. Арнаудовски, Љупчо, „Криминологија“, 2-ри Август С – Штип, Скопје, 2007
2. Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција – нови теоретски димензии и практични консеквенции, методика на откривање и докажување, Скопје, 2009
3. Boskovic G., “Efekti prodora organizovanog kriminala u legalne ekonomske tokove,”
4. Bošković, M. (2009), “Pranje novca kao kriminološki i krivično-pravni problem”, Novi Sad
5. Bošković, G. (2005), Pranje novca, Beograd
6. Б., Петровиќ., и Г., Мешко, Криминологија, Правни факултет Универзитета у Сарајево, Сарајево, 2004
7. FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ З Б О Р Н И К Н А Т Р У Д О В И P R O C E E D I N G S Stip, 2014
8. Revija za bezhednost, No. 7, Centar za studije bezbeđnosti, Beograd, 2008
9. SKULIC.M, 2003. „Организовани криминалитет-Појам и крививично процесни аспекти“, Досије, Београд
10. Stamevski, Vasko, Kriminal na zloupotreba na vlasta, Skopje 2018
11. Дробаров Ромео 2017,Развојот на политиките и ефикасноста на Европол во полициската соработка со земјите членски на ЕУ при превенција и справување со организираниот криминал,докторска дисертација,Институт за одбрана,безбедност и мир,Филозофски факултет УКИМ
12. Зајакнување на парламентарната контрола врз користењето на фондовите на ЕУ во Република македонија М-р Александар Јовановски Скопје,Февруари 2013
13. Игнатов Владимир 2017,Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ
14. Инструменти на европската унија за борба против организираниот криминал,Јелена Бабиќ Барнес Септември 2020
15. Казнено право-посебен дел Камбовски Владо Скопје 2003
16. Камбоски , Владо, „Организиран криминал“ 2-ри Август С-Штип, Скопје, 2005

17. Камбовски, В., Правна држава и организиран криминалитет, Правен факултет, Јустинијан Први, Скопје , 1996 година.
18. Матодија Ангелевски (2007): Вовед во криминалистиката. Скопје
19. Меѓународно казнено право-Олга Кошевалиска,Елена Максимова штип 2020
20. Методика на истражување на економска криминалистика-Д-р Светлана С. Николоска,Скопје 2013
21. Милутиновиќ, Милан, „Криминологија“ Просвета Белград , 1969
22. Нанев.Л „Криминолошки аспекти на стопанскиот криминалитет“, Кавадарци: 2- ри Август С- Штип, 2007
23. ПРАВДА, СЛОБОДА, БЕЗБЕДНОСТ Водич низ политиките, институциите и законодавството на Европската Унија Авторки и автори: м-р Магдалена ЛЕМБОВСКА д-р Иван СТЕФАНОВСКИ м-р Александар СТОЈАНОВСКИ д-р Трпе СТОЈАНОВСКИ м-р Драган ТИЛЕВ д-р Наталија ШИКОВА Лектор: Бобан КАРАПЕЈОВСКИ февруари 2021
24. Николоска С. , *Перење пари – криминолошки, криминалистички и кривично – правни аспекти, рецензиран труд,* Факултет за безбедност Скопје, 2014
25. Николовски, Н., „Банки и организиран криминал“, „Нордиа“-Скопје
26. Тања МИЛОШЕВСКА УДК: 339.194: 336.7: 355.45 (497.7) „ПЕРЕЊЕ ПАРИ“ - ОПАСЕН ПРЕДИЗВИК ЗА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
27. Тасева,С (2003) “Перење Пари”, Скопје
28. Тупанчески, Никола, Економско казнено право, Скопје 2015
29. Трајкоски, Г. (2011) Спречување на перење на пари кај финансиски институции, Академски печат, Скопје
30. Levi, M., Reuter, P., „ Money Laundering“-University of Chicago, 2006
31. Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија,ефикасност,влијание и апсорпционен капацитет,збирка на студии,Институт за европска политика - Скопје,Ноември,2013 год.
32. Љупчо Сотироски, „Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“, ноември 2011

Домашна регулатива

1. Годишниот извештај за функционарањето на канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда за 2019 година
2. Договор за соработка помеѓу Република Македонија и Европравда објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51 од 2009 година.
3. Договор меѓу Маќедонија и Европол,ратификуван од Собранието на Р.Македонија на 05.12.2011,и објавен во Службен весник на РМ бр.172/11 од 14.12.2011
4. Дирекција за спречување на перење на пари (2014) „Стратегија за управување со перење на пари", Скопје
5. ЗАКОН ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година
6. Закон за ратификација на Договорот за оперативна и стратешка соработка меѓу Република Северна Македонија и Канцеларијата на европската полиција, објавен во Сл. весник бр. 172/14.12.2011.
7. ЗАКОН ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНАТА МАТЕРИЈА **(**Службен В. на Р.М. бр:77/2021 од 06.04.2021**)**
8. ЗАКОН ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПРАВДА (EUROJUST) Сл. Весник на Р. Македонија, бр.51 од 16.04.2009 година
9. Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/20)
10. Користење на фондовите на ЕУ во Република Мкедонија, Ефикасност, влијание и апсорпционен капацитет- Збирка на студии - Институт за европска политика,Скопје Ноември 2013
11. Кривичен законик на РСМ-Пречистениот текст ги содржи следните измени и дополнувања на законот објавени во „Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.

12. Меѓународна соработка во кривичната материја-Прирачник за практичани Јуни 2015

13. Министерство за внатрешни работи Биро за јавна безбедност Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа Бр.22.4-519/1 15.03.2021 година годишен извештај 2020

14. Министерство за внатрешни работи ПРОЦЕНКА НА ЗАКАНИ ОД СЕРИОЗЕН И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ С к о п ј е, 2016 година

15. Министерство за финансии (2010) „Прирачник за спроведување на мерки и дејствија за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите“ - Скопје

16. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ 2021 - 2024 август, 2021 година

17. Прирачник за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, Министерство за финансии на Република Македонија, Скопје 2006

18. Процедура за начинот на спроведување на постапката за спречување на неправилности и измама и прием на пријави за неправилности и измами во националната агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје,Април 2022

19. Судска соработка во кривичните предмети и усогласеноста на со правото на европската унија-сегашна состојба и идни чекори декември 2013

20. ЗЕЛС, Општините во Република Македонија и ЕУ фондовите

Меѓународна регулатива

1. Council Document 11037/05, the Network of National Experts on Joint Investigation Teams.

2. DIRECTIVE (EU) 2018/843 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 30 May 2018

3. Directive 2014/41/EU of the European Parliament and of the Council of 3 April 2014 regarding the European Investigation Order in criminal matters

4. АФКОС-Одделение за координација на борба против измама на ЕУ средства

5. Европска служба за борба против измами OLAF
6. Конвенција на Совет на Европа од 2005 за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело и за финансирање на тероризам (Варшавската Конвенција).
7. Конвенција на Советот на Европа од 1990 за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотната корист прибавена со кривично дело (Стразбуршката Конвенција)
8. Меѓународна Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Палермо Конвенција)
9. ОДЛУКА 2009/426/ЈНА НА СОВЕТОТ од 16 декември 2008 за зајакнување на Европравда и за изменување на Одлуката 2002/187 ЈНА за воспоставување на Европравда со цел засилување на борбата против тежок криминал
10. Одлука на советот за основање на Европската полициска служба(Европол)8706/3/08,ревизија 3,Брисел,9 Октомври 2008

Интернет извори

1. EUROJUST_Zastita_na_podatoci_vo_Evropravda.pdf
2. https://europa.eu/european-union/about-eu/institutions-bodies/council-eu_en
3. https://jorm.gov.mk/
4. https://www.pravda.gov.mk/
5. www.sep.gov.mk
6. www.urf.gov.mk
7. За улогата на Европравда https://www.eurojust.europa.eu/judicial cooperation/eurojust-role-facilitating-application-judicial-cooperation-instruments/asset-recovery
8. Линк до Одделението за Европол во РСМ https://mvr.gov.mk/page/europol
9. Официјален web сајт на ЕВРОПОЛ: https://www.europol.europa.eu/
10. Официјален веб-сајт на Европравда http://www.eurojust.europa.eu
11. Сајтот на Секретаријатот за европски прашања. http://www.sep.gov.mk/content/?id=2499#.X31c1MIzaM8

12. Систем за пријавување на направилности,достапно на https://finance.gov.mk